# Закон за производи за заштита на растенијата

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Содржина

### Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат одобрувањето, пласирањето на пазарот, употребата и контролата на производите за заштита на растенијата, пласирањето на пазарот и контрола на активните супстанции кои претставуваат производи; максималното ниво на резидуи, опрема за користење на производи; размена на информации во врска со производите, производството на производи, евиденцијата на правните и физички лица вклучени во производството и пласирање на производи на пазарот, условите за овластување на органите одговорни за имплементација, мониторинг и контрола на овој закон.

(2) Производството на производи, пласирањето на пазарот за потребите на производство на производите, добрата лабораториска пракса (ГЛП), Ротердамската конвенција за претходно соопштена процедура (ПИЦ) за одредени штетни супстанции и пестициди во меѓународниот промет, класификацијата, пакувањето и означувањето на производите покрај со одредбите од овој закон се регулираат и со прописите за опасни супстанции и препарати.

(3) На остатоците и пакувањата од употребуваните производи и состојбата на производи во животната средина, доколку поинаку не е регулирано со овој закон, се применуваат прописите од областа на животната средина.

(4) Транспортот на активни материи и производи за заштита на растенијата се уредува со прописите за превоз на опасни материи.

### Дефиниции

### Член 2

Поимите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Производи за заштита на растенијата" се отровни активни супстанции и препарати што содржат една или повеќе активни супстанции, подготвени во форма во која се доставуваат до корисникот, наменети за:

1.1 заштита на растенија и растителни производи од сите штетни организми или за спречување на дејствувањето на овие организми до онаа мера до кајшто таквите супстанции или препарати поинаку не се дефинирани подолу,

1.2 да влијааат врз животните процеси на растенијата на поинаков начин отколку како хранлива состојка (на пример, регулатори на растот),

1.3 зачувување на растителните производи до онаа мера до која ваквите супстанции или производи не се опфатени со друг пропис,

1.4 уништување на непожелните растенија и

1.5 уништување на делови од растенија, забавување или спречување на непожелниот раст на растенијата;

2. "Резидуи" :

2.1 "резидуи од производи за заштита" се една или повеќе супстанции присутни во или на растенијата или во или на производите од растително потекло, прехранбените производи од животинско потекло или во животната средина, кои се резултат на користењето на производите за заштита на растенијата, вклучувајќи ги и нивните метаболити и производите кои се резултат на нивното разградување или реакција и

2.2 "максимално ниво на резидуи" е максимално ниво на резидуи добиено со извршени опити на производи изведени во согласност со добра заштитарска пракса;

3. "Супстанции" се хемиски елементи и нивни соединенија, во облик во кој се наоѓаат во природата или се добиени со производство, вклучувајки ги и сите нечистотии што се неизбежни во процесот на производство;

4. "Активни супстанции" се супстанции или микроорганизми вклучувајки ги и вирусите кои имаат општо или специфично дејство:

4.1 против штетни организми или

4.2 на растенија, делови од растенија или растителни производи;

5. „Помошни супстанции" се супстанции кои влегуваат во составот на производите за заштита на растенијата, а имаат за цел подобрување на нивната ефикасност или постигнување на други пестицидни својства;

6. „Паралелен увоз на производ за заштита на растенијата" е увоз на производ за заштита на растенијата за кој е издадено одобрение за ставање во промет во земја членка на Европската унија, Швајцарија, Норвешка, Канада, Јапонија, Израел, САД, Русија или Турција кој е ист или сличен со производ за заштита на растенијата произведен од ист производител за кој е издадено одобрение за пласирање на пазар во Република Македонија и за кој Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има издадено одобрение за паралелен увоз.

7. "Препарати" се смеси или раствори составени од две или од повеќе супстанции, од кои најмалку една е активна супстанција наменета за употреба како производ за заштита на растенијата;

8. "Растенија" се живи растенија и живи делови од растенија, вклучувајќи и свежи плодови и семе;

9. "Растителни производи" се производи во непреработена состојба или кои биле подложени само на едноставна подготовка, како што се: мелење, сушење, пресување или екструдирање добиени од растенијата, со исклучок на самите растенија кои се дефинирани во ставот (1) точка 6 од овој член;

10. "Штетни организми" се штетници на растенијата или на растителните производи од животинскиот или растителниот свет, како и вирусите, бактериите, фитоплазмите, габите и другите патогени организми;

11. "Животни" се животински видови кои човекот ги храни и одгледува или ги консумира;

12. "Пласирање на пазар" е секое снабдување, без оглед на тоа дали се надоместува со плаќање или бесплатно, освен складирање проследено со испорачување од територијата на Република Македонија или со безбедно уништување. Увозот на производ за заштита на растенијата на територија на Република Македонија се смета за пласирање на пазарот;

13. "Одобрение" е административен акт (решение) на Фитосанитарната управа со кое се одобрува пласирање на пазарот и употреба на производи за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија, на барање на барателот;

14. "Дозвола" е административен акт (решение) на Фитосанитарната управа со кое се одобрува увоз и вршење на експериментално истражувачки работи на производи и помошни производи за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија, на барање на барателот;

15. "Животна средина" е водата, воздухот, земјата, дивите видови на фауна и флора и сите нивни меѓусебни односи, како и нивната врска со другите живи организми;

16. "Интегрална заштита на растенија" е рационална примена на комбинација од биолошки, биотехнолошки, хемиски, агротехнички или селекциони мерки за одгледување на растенијата, при што употребата на хемиските производи е ограничена на строго определениот минимум неопходен за одржување на штетната популација на ниво пониско од она кое предизвикува економски неприфатлива штета или загуба (праг на штета);

17. "Добра земјоделска пракса" е извршување земјоделски активности на начин кој овозможува добро управување на земјоделските површини и репродуктивните материјали, почитувајќи ги природните својства на земјоделската област. Добрата земјоделска пракса опфаќа и оптимално комбинирање на агротехнички мерки заради зачувување на природната плодност на земјоделските површини, како и да се спречи оптоварувањето на животната средина, прекумерното користење на минерални и органски ѓубрива и производи и да се остави најмало можно ниво на резидуи во или на растенијата и растителните производи наменети за користење како прехранбени производи;

18. "Производот е идентичен" доколку спореден со одобрениот производ во однос на: формулацијата, содржина на активна материја, вклучувајќи ја и нечистотата и другите компоненти во активната материја, е идентична (со дозволени отстапувања во коформулациите и нивните меѓусебни односи, освен ако тие разлики се битни од аспект на безбедноста и ефикасноста на одобрениот производ) и доколку физичко-хемиските својства на препаратот се идентични, како и ознаките, пакувањето и опаковката, освен заштитните знаци на препаратот;

19. "Помошни производи за заштита на растенијата" се супстанции од природно, синтетичко и микробно потекло, ставени во форма во која се пласирани на пазарот и наменети за заштита на растенијата, без да е потребно вршење на целосна процедура на оцена на производи ( феромони атрактанти, репеленти и друго);

20. "Биоагенси" се производи кои содржат микроорганизми од природата, живи организми, паразити, паразитоиди, предатори, подготвени, во форма за користење против штетни организми на растенијата и растителните производи, а не се штетни за човекот и животните;

21. "Листа на активни супстанции" се активни супстанции кои се одобрени за користење во производи што се применуваат за заштита на растенијата на територијата на Европската унија (во натамошниот текст: ЕУ) со дефинирани услови во одлука за користење, објавени согласно со Анексот 1 од Директивата 91/414 (во натамошниот текст: Листа Анекс 1);

22. "Национална листа на активни супстанции" е листа на активни супстанции кои се одобрени за користење во производи, а кои се применуваат за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно со овој закон (во натамошниот текст: Националната листа). Националната листа на активни супстанции опфаќа: активни супстанции кои се во процедура за вклучување во Анексот 1;

23. "Производство" е формулирање на секоја формулација на активни супстанции и производи за заштита на растенијата со пакување во соодветно пропишани пакувања за производи за заштита на растенијата;

24. "Опрема за апликација на производи" се машини и апарати за користењето и примена на производи, вклучувајќи ги и нивните составни делови кои влијаат врз прецизноста на примената;

25. "Паралелен производ" е идентичен производ со референтниот производ одобрен во Република Македонија, од истиот производител;

26. "Многу отровни супстанции и производи" се супстанции и производи кои во мали количества предизвикуваат смрт или акутно и хронично оштетување на здравјето на луѓето кога ќе се проголтат, вдишат или апсорбираат преку кожата (Т+), односно и група на отрови, согласно со Законот за хемикалии;

27. "Шаржа" е секоја серија на производство (формулација) на производ за заштита на растенијата;

28. "Надлежен орган" е Фитосанитарната управа за одобрување, извршување на административни задачи од областа на пласирањето на пазарот на производи за заштита на растенијата и опрема за

примена на производите, примена и контрола над спроведувањето на овој закон, координирање на сите релевантни активности за обезбедување на сите неопходни контакти со земјите членки на ЕУ, Европската комисија, Европското тело за безбедност на храна и третите земји;

29. "Униформни принципи" се единствени принципи за процена и одобрување на производи за заштита на растенијата согласно со прописите на ЕУ и

30. "Инспекциски надзор" е постапка на контрола дали сите правни и физички лица и сите други тела работат во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

## II. ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

### Општо

### Член 3

(1) Производ за заштита на растенијата (во натамошниот текст: производот) не може да се произведува, пласира на пазарот и употребува на територијата на Република Македонија ако не е одобрен согласно со овој закон.

(2) Производот може да се увезува, пласира на пазарот на територијата на Република Македонија само од носителот на одобрението за пласирање на пазарот согласно со членот 8 на овој закон, или соодветно од носителот на исклучителна дозвола согласно со членот 15 на овој закон, одобрение за заемно признавање согласно со членот 16 на овој закон, дозвола за истражување и развој согласно со членот 22 на овој закон, или одобрение за паралелен увоз согласно со членот 28 на овој закон.

(3) Производ кој не е одобрен за пласирање на пазарот и за употреба во Република Македонија, може да биде произведен, складиран или транспортиран во/низ територијата на Република Македонија доколку истиот е наменет да се употребува во друга земја под услов:

1) производот да е одобрен во другата земја увозник и

2) барањата за инспекција дадени од земјата увозник за пласирање на пазарот и неговата употреба да се задоволени.

(4) Производот мора да се употребува правилно, само во согласност со условите одредени со одобрувањето, според неговата декларација, упатства и според правилата за добра заштитарска пракса и каде што е можно, според правилата за интегрална заштита на растенијата.

(5) Активна супстанција не може да се пласира на пазарот доколку:

1) не е класифицирана, спакувана, декларирана и означена според условите наведени во одобрението, а во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон и релевантните прописи на ЕУ и

2) не е доставено досие за активната супстанција според членот 4 на овој закон со декларација дека активната супстанција е наменета за употребата определена со членот 2 точка 1 на овој закон. Овој услов не се однесува за активните супстанции наменети за употреба според членовите 22 и 23 на овој закон.

(6) Производот може да се увезува и извезува само на гранични премини определени од Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Барање за одобрување на производи за заштита на растенијата

## Член 4

(1) Барање за одобрение на производи за заштита на растенијата треба да биде поднесено до Фитосанитарната управа (во натамошниот текст: Управата) од правно лице кое сака да го пласира производот на пазарот (во натамошниот текст: барател).

(2) Барател може да биде производител или правно лице овластено од него. Ако барателот нема регистрирано седиште во Република Македонија, тој ќе мора да овласти правно лице кое има седиште на територијата на Република Македонија (во натамошниот текст: овластен застапник). Овластениот застапник ќе дејствува во име на барателот врз основа на овластување и договор за застапување со производителот со кој договор се утврдува и осигурување од одговорност за штета на производителот настаната на територијата на Република Македонија. Овластувањето и договорот за застапување треба да бидат составен дел на барањето.

(3) Барањето за одобрување треба да биде доставено на македонски јазик.

(4) Барателот е обврзан заедно со барањето да достави:

1) за секоја активна супстанција содржана во производот, досие на активната супстанција кое ги исполнува барањата наведени во членот 6 на овој закон и кое содржи документација и податоци за:

1.1 идентитетот на активната супстанција вклучувајќи и производител,

1.2 идентитетот на производителот,

1.3 физичките и хемиските својства,

1.4 дополнителните информации за активната супстанција (употреба, начин на ракување, складирање, мерки на безбедност и слично),

1.5 аналитичките методи,

1.6 токсиколошките и метаболитичките проучувања,

1.7 резидуите на активната материја во или на растенијата или растителните производи, храната и добиточната храна,

1.8 исходот и однесувањето на активната супстанција во животната средина,

1.9 екотоксиколошките проучувања,

1.10 резимето и процената на документацијата и податоците од потточките 1.6, 1.7, 1.8 и 1.9 на оваа точка,

1.11 предлозите вклучувајќи и оправдување за предложената класификација и за означувањето според прописите за класифицирање, пакување и означување на опасни супстанции донесени во согласност со прописите на ЕУ (симболи, знаци за опасност, фрази за безбедност) и членот 25 на овој закон,

1.12 досието од точката 2 од овој член за секој репрезентативен производ за заштита на растенијата и

1.13 други податоци, доколку при водењето на постапката се оцени за потребно и

2) досие за производот кое ги исполнува барањата наведени во членот 7 на овој закон и кое содржи податоци и документација за:

2.1 идентитетот на производот,

2.2 идентитетот на производителот,

2.3 физичките, хемиските и техничките својства на производот,

2.4 податоците за употребата на производот,

2.5 дополнителните информации за производот,

2.6 аналитичките методи,

2.7 податоците за ефикасноста,

2.8 токсиколошките проучувања,

2.9 резидуите во или на третираните растенија или растителни производи, храната и добиточната храна,

2.10 исходот и однесувањето на производот во животната средина после употребата,

2.11 екотоксиколошките проучувања,

2.12 резимето и процената од потточките 2.7, 2.8, 2.9, 2.10 и 2.11 на оваа точка,

2.13 предлозите, вклучително и оправдување за класификацијата и обележувањето, предложено согласно со прописите на ЕУ (симбол, за ризик, знаци за опасност и фрази за ризик) и

2.14 други податоци, доколку при водењето на постапката се оцени за потребно.

(5) Податоците од ставот (4) точка 1 потточки 1.1, 1.2, 1.3, 1,4, 1.5, 1.6, 1.7, 1.8 и 1.9 на овој член Управата ги доставува до овластените експерти од соодветните области од членот 6 став (4) на овој закон на предлог на барателот на одобрението.

(6) Резимето и процената од документите и податоците, овластените експерти ги доставуваат до Управата.

(7) Барателот не е должен да го обезбеди досието од ставот (4) точка 1 на овој член, ако активната супстанција веќе е вклучена во Листата Анекс 1 или Националната листа, освен податоците и документите со кои се идентификува активната супстанција. Управата треба да утврди дали тоа е во согласност со условите за вклучување во Листата анекс 1 и Националната листа и дали активните супстанции не се разликуваат значително според степенот на чистота и содржината на нечистотиите од составот на активните супстанции кои се однесуваат на досието на активните супстанции врз основа на кои таа е вклучена во листата на активни супстанции.

(8) Барателот е должен, да обезбеди, без надоместок и неопходни количини на примероци од производот, активната супстанција или другите состојки на производот, вклучувајќи го пакувањето според барањата на Управата, во период и место кои таа ќе ги одреди. Во барањето треба да се наведат методите кои се користат за одредување на содржината и количеството на активните супстанции во производот и, каде е соодветно, токсиколошки и екотоксиколошки релевантни нечистотии и коформуланти.

(9) Постапката за обработка на барањата и подеталната документација и податоците од ставот (4) точки 1 и 2 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со министерот за здравство, министерот за животна средина и просторно планирање.

Досие

Член 5

(1) Управата е должна да состави и чува посебно досие за секое барање, согласно со барањата од членот 4 став (4) на овој закон кое ќе ги вклучува:

1) извештаите (резимеата), одлуките (решенијата) кои се прифатени во постапката од земјите членки на ЕУ во врска со производот и

2) евиденцијата за оценувањето на документите наведени во барањето, документите пропишани со членот 13 став (4) на овој закон и други неопходни документи.

(2) Управата за службени потреби на барање од компетентните тела, земјите членки на ЕУ и Европската комисија, може да ја направи достапна евиденцијата за оценувањето од ставот (1) точка 2 на овој член и да им обезбеди неопходни информации кои се однесуваат на барањето.

Исто така, на нивно барање, Управата може да потврди дека досието од барањето на барателот е согласно со членот 4 став (4) на овој закон и да осигури дека барателот ја обезбедил копијата на техничката документација од членот 19 на овој закон.

Член 6

Оценување на активните супстанции

(1) Оценување на активните супстанции се врши врз основа на досието за активната супстанција од членот 4 на овој закон кое треба да ги содржи информациите и документите за најмалку еден производ, кој ја содржи оваа активна супстанција, освен активните супстанции вклучени во Анексот 1.

(2) Постапката и оценувањата на активните супстанции кои се наменети за производство на производите или за употреба за заштита на растенијата со цел да се утврди дали тие ги задоволуваат барањата за вклучување во националната листа на активни супстанции од членот 18 став (2) на овој закон се вршат од:

1) Управата како официјално тело назначено за примање на барањата, проверка на документите, евалуација на досието, организирање на официјални тестови со овластени институции и координирање со надлежните органи и тела за процена на активните супстанции, со Европската комисија и со компетентните тела на земјите членки на ЕУ за прашања поврзани со процени на активни супстанции;

2) Министерството за здравство за процена на ризикот од гледна точка на заштитата на здравјето на луѓето, токсиколошки оценувања и класификација на активни супстанции и препарати и

3) Министерството за животна средина и просторно планирање за исходот и однесувањето на активната супстанција во животната средина и исходот и однесувањето на производот во животната средина после неговата употреба.

(3) Ако при процената на досието наведено во ставот (1) од овој член се покаже дека се неопходни дополнителни информации, Управата може да побара од барателот, односно неговиот овластен застапник да достави такви информации, особено кога се предвидува неповолна одлука.

(4) Активните супстанции и производот ќе бидат оценувани од страна на соодветно квалификувани експерти или правни лица во кои се вработени квалификувани експерти, овластени од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Експертите или правните лица од ставот (4) на овој член во зависност од нивната област на работа ги предлага министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање.

(6) Постапката за обработка на документите за оцена на активната супстанција, постапката за оценувањето на активните супстанции и барањата за нивно вклучување во националната листа на

активни супстанции ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со министерот за здравство, министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со униформните принципи.

Постапки за одобрување на производи

Член 7

(1) Управата ќе го прифати барањето за одобрување на производот доколку:

1) активната супстанција во производот е вклучена во Листата Анекс 1 или Националната листа на активни супстанции и ако се исполнети барањата пропишани со прописот во членот 6 став (6) на овој закон;

2) во тековните научни и технички сознанија е утврдено дека од оцената на досието наведено во членот 4 став (4) точка 2 на овој закон кога се користи во согласност со членот 3 став (4) на овој закон, имајќи ги предвид сите нормални услови под кои може да се користи и последиците од неговото користење:

2.1 е доволно ефикасен,

2.2 нема неприфатлив ефект за растенијата и растителните производи,

2.3 не предизвикува страдања и болки кај 'рбетниците што треба да се контролираат,

2.4 не предизвикува штетно влијание врз здравјето на човекот или животните непосредно и посредно (преку водата за пиење или преку добиточната храна) или на подземните води и

2.5 нема неприфатливо влијание врз животната средина, при што особено се зема предвид следново:

- неговиот краен исход и однесување во животната средина, особено загадувањето на водата вклучително и водата за пиење и подземните води и

- неговото влијание на видовите за кој тој не е наменет;

3) природата и содржината на активните супстанции и, каде што е соодветно, на сите токсиколошки или екотоксиколошки важни нечистотии и коформуланти може да се определи со пропишани методи, или со користење на методи дадени со барањето согласно со членот 4 став (4) точка 2 потточка 2.5 на овој закон;

4) неговите остатоци добиени од одобрените начини на употреба, а кои се токсиколошки и екотоксиколошки важни, можат да се определат со соодветни методи што се во општа употреба;

5) неговите физички и хемиски својства се определени и се сметаат за прифатливи за целите на соодветното користење и складирање на производот;

6) времено утврденото максимално ниво на резидуи (во натамошниот текст: МНР) во земјоделските производи се утврдени. Во случај кога се утврдени во МНР на ЕУ, Управата ќе обезбеди мислење од стручната Комисија од членот 24 на овој закон дека утврдените МНР на ЕУ ги задоволуваат барањата во Република Македонија и

7) времено утврдените МНР со пропишани крајни рокови на употреба не се надминуваат.

(2) Во прилог на барањето барателот ќе вклучи и други документи пропишани со прописот од ставот (4) на овој член.

(3) Управата може да ја прекине постапката за одобрување на производот доколку и покрај писменото барање до него, барателот не ги достави основните неопходни документи за издавање на одобрението во пропишаниот временски период.

(4) Дополнителните детални документи потребни за оцена и подготовка на извештајот за процена и постапката за оцена на производи од ставот (1) на овој член за издавање на одобрение за производот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање.

(5) Заради усогласеност со барањата наведени во ставот (1) од овој член Управата може да побара, сите тестови и анализи кои се поднесени да бидат официјално признаени, дека се извршени под услови на земјоделство, здравствената состојба на растенијата и во животната средина, вклучувајки ги климатските услови кои постојат во Република Македонија и се релевантни за употребата на производот за заштита на растенијата.

(6) Без оглед на ставовите (1) и (5) од овој член, Управата може да побара тестовите и анализите да се извршат од правно или физичко лице од членот 23 на овој закон во Република Македонија поради:

1) условите коишто не се споредливи во земјоделството, заштита на растенијата, условите во животната средина или климатските услови;

2) специфична еколошка сензитивност во одделни области или

3) различни навики во исхраната на популацијата.

(7) Исто така, може да бидат утврдени дополнителни услови во врска со употребата на производот.

Издавање на одобрение на производи

Член 8

(1) Потврдување на барањето за комплетноста, Управата треба да го направи најдоцна за два месеца од датумот на поднесувањето.

(2) Доколку надлежниот орган во рокот утврден во ставот (1) на овој член не го потврди барањето за комплетноста ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето.

(3) Управата го оценува поднесеното барање за одобрување и ќе издаде одобрение на производот врз основа на проверка на усогласеноста на информациите вклучени во барањето и досието согласно со членот 4 став (4) точки 1 и 2 на овој закон, барањата дефинирани со членот 7 и мислењето од стручната комисија од членот 24 на овој закон во рок од:

- 18 месеца во случај на барање за одобрување на производ кој содржи активна супстанција вклучена во Листата Анекс 1, или нова активна супстанција која е во согласност со барањата за вклучување во листата,

- 12 месеца во случај на барање за одобрување на производ кој содржи стара активна супстанција која не е вклучена во Листата Анекс 1, или во случај на продолжување или дополнување на одобрувањето на производот и

- два месеца во случај на барање за измена и дополнување на одобрението за производот кое не бара оцена согласно со барањата за производот дефинирани со членовите 4, 6 и 7 на овој закон.

(4) Доколку надлежниот орган во рокот утврден во ставот (3) алинеи 1, 2 и 3 на овој член не издаде одобрение на производот ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето.

(5) Управата во одобрението ги одредува условите за:

1) декларирањето (означување) на пакувањето на производот и

2) пласирањето на пазарот и употребата на производот, вклучувајќи ги неопходните ограничувања ако тие се утврдени за превенција од несакани ефекти врз здравјето на човекот и животните и несакани ефекти врз животната средина, или ако е потребно да се обезбеди исполнување на барањата согласно со членот 7 став (1) точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3, 2.4 и 2.5 на овој закон.

(6) Управата во одобрението може да одреди дека производот може да се користи само од посебни категории на работници одредени со посебна дозвола од Управата.

(7) Против одобрението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(8) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Период на важење, продолжување на важноста и ревизија на одобрението на производите

Член 9

(1) Одобрението се издава за период до десет години без да се исклучува примената на ставот (4) од овој член и членот 10 од овој закон.

(2) Периодот на важење на одобрението може да биде продолжен доколку носителот на одобрението побара од Управата да го продолжи периодот на важење не подоцна од шест месеца пред истекувањето на важноста на одобрението. Продолжувањето ќе се изврши доколку се потврди дека условите наведени во членот 7 став (1) на овој закон и во одобрението сé уште се задоволени.

(3) Периодот на важење на одобрението може да биде продолжуван максимум за пет години со можност за повторувања.

(4) Одобрението може да се ревидира во секое време, доколку има индикации дека кои било од барањата наведени во членот 7 став (1) на овој закон веќе не се исполнети. Во таков случај Управата ќе побара од барателот на одобрението или од оној на кој му било одобрено проширување на полето на примената, во согласност со членот 14 на овој закон, да поднесе дополнителни информации што се неопходни за ревизијата. Во случај кај што е потребно одобрението може да се продолжи за период неопходен за да се заврши ревизијата и да се обезбедат дополнителните информации.

Повлекување на одобрението

Член 10

(1) Без да се исклучи примената на одобрението донесено според членот 16 на овој закон, Управата со решение го повлекува одобрението на производот ако добие информации и потврди дека:

1) барањата во одобрението, утврдени според овој закон не се или веке не се исполнуваат;

2) биле доставени лажни или неточни информации врз основа на кои било издадено одобрувањето;

3) рокот на важењето на одобрението е поминат и нема да биде продолжен согласно со членот 9 на овој закон;

4) по барање на производителот за повлекување, за што ги наведува причините за тоа и

5) има одлука на Европската комисија за невклучување или исклучување на активни супстанции содржани во производот од Листата Анекс 1.

(2) Причините за повлекување на одобрението може да вклучуваат:

1) доколку при извршувањето на контролата се констатира отстапување кое може да доведе до промени во карактеристиките на производот во споредба со карактеристиките утврдени со одобрението и доколку производителот не го отстрани отстапувањето во периодот кој е определен за да го направи тоа и

2) постои основано сомневање дека производот може да предизвика или предизвикува штетни последици врз животната средина.

(3) Управата треба веднаш да го извести носителот на одобрувањето и да утврди период на толеранција за отстранување, складирање, пласирање на пазарот и користење на постојните залихи на производот за кој се однесува повлекувањето на одобрението.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(6) Доколку носителот на одобрението, пред истекот на важноста, одлучи производот повеќе да не биде пласиран на пазарот и употребуван, тој мора да ја информира Управата најмалку шест месеца пред прекинот на пласирањето на тој производ на пазарот и да приложи образложение со барањето.

Преглед и измена на одобрението

Член 11

(1) Управата може да го прегледа и да го измени одобрението по службена должност ако утврди дека е неопходно, врз основа на нови научни технички знаења, да го измени начинот за употреба и предложеното количество од производот.

(2) Управата ќе го измени одобрението на производот и ако тоа произлегува од прописите на Европската комисија, кои се однесуваат на ограничување на користењето на активните супстанции кои ги содржи производот или промена на неговата класификација или означување.

(3) Одобрението може да биде изменето на барање од носителот на одобрението, но само ако се утврди дека се задоволуваат барањата од членот 7 став (1) на овој закон.

(4) Управата може да побара дополнителни податоци, документи и примероци потребни за процена на оправданоста за вршење измени на одобрението.

(5) Против одобрението од ставовите (1) и (2) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето на одобрението.

Одобрување на производот на привремен период

Член 12

(1) По исклучок од членот 7 на овој закон, Управата може да одобри производ што содржи нови активни супстанции кои сé уште не се вклучени во Листата Анекс 1 за привремен период не повеќе од три години (од решението издадено од страна на Европската комисија за комплетност на документацијата) доколку се утврди дека документацијата е комплетна и ги задоволува барањата потребни за одобрување од аспект на предложената употреба со членот 7 став (1) точки 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој закон.

(2) Подносителот на барањето поднесува изјава за комплетност на документацијата, документација за активната супстанција или супстанции и за производот согласно со членот 4 на овој закон.

(3) Следејќи ги научните сознанија и оценувања на податоците за активната супстанција и производот и доколку со оцената од Европската комисија последователно е утврдено дека оваа активна супстанција не ги задоволува барањата за вклучување во Листата Анекс 1, Управата го повлекува одобрението за привремен период.

(4) Против одобрението од ставовите (1) и (2) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Жалбата не го одлага извршувањето на одобрението.

(6) Важењето на одобрението на привремен период, може да биде продолжено и тоа, исто така, со повторување на важењето до денот кога одлуката на Европската комисија која се однесува на вклучувањето или невклучувањето на активната супстанција во Листата Анекс 1, влезе во сила.

Преодни мерки и исклучоци

Член 13 - избришан

Проширување на примена

Член 14

(1) Органите на државната управа, научни и истражувачки институции во областа на земјоделството и шумарството, професионално квалификувани корисници на производите или нивните здруженија (во натамошниот текст: предлагачи) можат да побараат проширување на полето на користење на производот кој во Република Македонија е одобрен за цели кои се различни од оние што се наведени во одобрението.

(2) Управата треба да го одобри ова проширување на користењето кога тоа е од јавен интерес, и ако:

1) предлагачот поднел документација и информации потребни за одобрувањето на проширеното поле за примена на производот;

2) исполнување на барањата наведени во членот 7 став (1) точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3, 2.4 и 2.5 на овој закон е докажано со документација;

3) наменетата употреба за проширување е минорна по природа и

4) корисниците од страна на Управата потполно и точно се информирани за проширувањето на полето на примената во однос на упатствата за употреба со дополнително декларирање на производот одобрено од Управата.

Итни исклучителни дозволи

Член 15

(1) По исклучок од членот 7 на овој закон Владата на Република Македонија по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, може да одобри за период не подолг од 120 дена да се пласираат на пазарот и употребуваат производи за ограничена и контролирана употреба, доколку ваква мерка се смета за неопходна поради непредвидлива опасност што не може да се контролира со други производи, а по стручно мислење на комисијата за производи за заштита на растенијата од членот 24 на овој закон.

(2) Постапката за издавање ќе биде започната од страна на официјално тело – Управата по службена должност или по барање на корисникот, производителот и земјоделски здруженија.

(3) За одобрувањето веднаш ќе се информираат земјите членки на ЕУ и Европската комисија.

Заемно признавање на одобрението

Член 16

(1) По барање на барател, кој барањето го поткрепил така што ќе може да се спореди со документирани докази Управата до која е поднесено барањето за одобрување на производ што веќе е одобрен во земја членка на ЕУ може да:

1) не бара повторување на веќе извршените тестови и анализи поврзани со одобрувањето на производот во таа земја членка на ЕУ, а до степен до којшто условите во земјоделството, шумарството, заштитата на растенијата и животната средина, вклучително и климатските услови што се важни за употребата на производот се споредливи со условите во Република Македонија и

2) издаде одобрение за пласирање на пазарот во Република Македонија, ако производот содржи само активни супстанции вклучени во Листата Анекс 1 и одобрението во земја членка на ЕУ е издадено во согласност со униформните принципи согласно со прописите на ЕУ, е во согласност со барањата утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Со одобрението можат да се утврдат посебни услови што произлегуваат од примената на други мерки, во врска со условите за пласирањето на пазарот и употребата на производот, а се наменети за заштита на здравјето на засегнатите дистрибутери, корисници и работници.

(3) Со одобрението можат да се утврдат ограничувања на употребата, што произлегуваат од разликите во начините на исхрана а кои се неопходни за да се избегне изложувањето на потрошувачите, на третираните производи од ризиците од загадување на храната што го надминува прифатливото дневно внесување на предметните резидуи.

(4) Одобрението може да биде изменето во согласност со барателот, со променети услови за употреба, со цел да се наведат сите неспоредливи услови во земјоделството, здравствената состојба на растенијата или на животната средина вклучително и климатските услови што се важни во смисла на споредливоста, но под претпоставка дека таквите измени се ирелевантни во однос на основната намена на производот.

(5) Управата ќе го информира барателот за случаите кога ќе побара повторување на тестот и за случаите во кои одбила да одобри производ што веќе е одобрен во земја членка на ЕУ, а во однос на кој барателот приговара дека условите во земјоделството, здравјето на растенијата и животната средина, вклучително и климатските услови што се важни за употребата на производот во регионите во кои бил извршен тестот или за кои било дадено одобрение, биле споредливи со оние во Република Македонија.

(6) Управата издава одобрение за пласирање на пазарот на производот во Република Македонија или ќе одбие да издаде одобрение во зависност од согласност со мислењето на стручната комисија од членот 24 на овој закон.

(7) Во случаите кога Управата одбива да признае споредливост и да прифати тестови и анализи или да го одобри пласирањето на производот на пазарот на територијата на Република Македонија, донесува решение за тоа дали постои или не постои споредливост и, ако решението е негативно, во него исто така се определуваат условите за употребата под кои неспоредливоста може да се смета за неважна. Во постапката се води сметка за проблемите на сериозна еколошка криза што би можеле да се јават во одредени региони во Република Македонија.

(8) Управата треба веднаш да го информира носителот на барањето за одбиените одобренија и причините за нивното донесување.

(9) Управата може да одобрува производи, веќе одобрени во земјите членки на ЕУ кои имаат споредливи земјоделски, здравствени и природни услови во кои активната супстанција е вклучена во Листата Анекс 1 и врз кои биле применети униформни принципи за издавање на одобрение од страна на земјите членки на ЕУ.

(10) Ако Управата има оправдани причини дека производот што бил одобрен или треба да се одобри во согласност со овој член е ризичен по здравјето на човекот или на животните или по животната средина, може времено да ја ограничи или да ја забрани употребата и/или пласирањето на производот на пазарот на територијата на Република Македонија, за што треба веднаш да го информира производителот и Европската комисија, образложувајќи ги причините за одлуката.

Информирање за можни штетни ефекти

Член 17

(1) Носителот на одобрението на производот, или на оние на кои им било одобрено проширувањето на полето на примената на производот, согласно со членот 14 на овој закон, се должни веднаш да ја известат Управата за сите нови информации за потенцијално опасните ефекти од кој било производ, или од остатоците од активната супстанција врз здравјето на човекот или на животните или врз подземните води, или за потенцијално опасните ефекти што тие можат да ги предизвикаат врз животната средина.

(2) Управата треба веднаш да ги достави информациите од ставот (1) на овој член до сите заинтересирани странки, земјите членки на ЕУ и до Европската комисија.

Размена и објавување на информации

Член 18

(1) Управата до крајот на секој квартал од годината, ја информира Европската комисија за донесените одобрувања и повлекување на производите, при што ќе ги наведе следниве податоци:

1) називот или деловното име на носителот на одобрението;

2) трговскиот назив на производот;

3) видот на производот;

4) називот и содржината на секоја активна супстанција содржана во производот;

5) предвидената намена на производот;

6) за нови активни супстанции времено утврдените МНР;

7) досието потребно за оцена на МНР и

8) каде што е важно причините за повлекување на одобрението.

(2) Управата изготвува годишна Национална листа на одобрени производи и активни супстанции и ја објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(3) Листата на одобрени производи од ставот (1) на овој член, Управата ја праќа до Европската комисија, Европскомедитеранската и регионална организација за заштита на растенијата (ЕППО) и другите релевантни регионални и меѓународни институции.

(4) Листата Анекс 1 на Европската комисија ја објавува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во "Службен весник на Република Македонија”, како и измените на истата кои ќе следат.

Барања во однос на податоци и заштита на податоците

Член 19

(1) По исклучок од членот 16 на овој закон барателот со барањето треба да достави досие за активната супстанција и досие за производот според членот 4 точки 1 и 2 на овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член и без навлегување во одредбите од ставовите (3) и (4) на овој член, барателот не е должен да поднесува информации што се бараат според ставот (1) од овој член за активна супстанција, освен за оние со кои се идентификува активната супстанција, ако активната супстанција веќе е вклучена во листата на активни супстанции, при што се води сметка за условите за вклучување во листата и битно не се разликува според степенот на чистотата и природата на нечистотиите од составот регистриран во досието приложено кон оригиналното барање.

(3) Во постапката за оцена на досието на активната супстанција, Управата и научните институции и други правни и физички лица вклучени во постапката со писмена изјава ќе потврдат дека нема да ги искористуваат информациите наведени во членот 4 став (4) точка 1 на овој закон и досието не смее да биде употребено во корист на други апликанти:

1) освен доколку првиот носител писмено изјавил дека тој се согласил со користење на ова досие за нови апликанти;

2) во период од десет години од првото вклучување на активната супстанција на листата на активни супстанции во случај на одобрување нова активна супстанција;

3) во период од десет години од датумот на одобрението на производот со одредената активна супстанција, во случај на стара активна супстанција или

4) во период од пет години од датумот на одобрението на производот, по приемот на дополнителни информации што се неопходни за првото вклучување во листата на активни супстанции, коишто биле донесени за да се сменат условите или за да се задржи вклучувањето на активната материја во листата на активни супстанции освен ако петгодишниот период не истекува пред периодот од десет години предвиден со алинеите 2 и 3 од овој став, при што рокот од пет години се продолжува така што ќе истече на истиот датум како и тие рокови. Тоа се однесува во случај на промена на условите за вклучување на активната супстанција во листата или нејзино продолжување за вклучување за периодот од пет години.

(4) При издавањето на одобрението Управата и научните институции и другите правни и физички лица вклучени во постапката со писмена изјава ќе потврдат дека нема да ги искористуваат информациите наведени во членот 4 став (4) точка 2 на овој закон и досието на производот не смее да биде користено во корист на други апликанти:

1) освен доколку првиот носител писмено изјавил дека тој се согласил со користење на ова досие за нови апликанти;

2) за период од десет години од првото одобрение на производот во која било земја, ако вклучувањето во листата на активните супстанции на било која активна супстанција од активните супстанции кои се содржани во производот, му претходело на ова решение и

3) за период од десет години од влегувањето во сила на првото одобрение на производот, ако одобрувањето му претходи на вклучувањето на која било од активните супстанции содржани во производот во листата на активни супстанции.

(5) При оценувањето на барањето за одобрување, Управата ја информира Европската комисија за случаи кога активната супстанција била произведена од производител или производствен процес што се разликуваат од оние определени во досието врз основа на која активната супстанција првпат била вклучена во листата на активни супстанции.

(6) Управата ги доставува до Европската комисија сите информации кои се однесуваат на идентитетот и нечистотиите на активната супстанција.

## Доверливост на податоци

### Член 20

(1) Управата мора да осигури дека сите податоци доставени од страна на барателот вклучувајќи ги и индустриските и комерцијалните тајни ќе се третираат како доверливи, за секој барател којшто сака да има:

1) активна супстанција вклучена во националната листа на активни супстанции и

2) одобрување на производи, доколку барателот побара и доколку Управата прифати дека барањето е оправдано.

Недоверливи информации се следниве:

1) називот и содржината на активната супстанција и името на производот;

2) називот на други активни супстанции што се сметаат за опасни супстанции и препарати, според правилата за класификација, означување и пакување на опасни супстанции и препарати;

3) физичко-хемиски податоци кои се однесуваат на активната супстанција и производот;

4) какви било начини со помош на кои активната супстанција или производот не се штетни;

5) резиме на резултатите од тестовите за утврдување на ефикасноста на супстанцијата или на производот и за нивните нештетни ефекти на луѓето, животните, растенијата и животната средина;

6) препорачаните методи и мерки на претпазливост за намалување на опасноста при ракувањето, складирањето, превозот, опожарувањето или други штети;

7) методи за анализи одредени со членот 4 став (4) точка 1 потточка 1.4 и точка 2 потточка 2.5 на овој закон;

8) методи за отстранување на производот и неговото пакување;

9) постапки за деконтаминација што треба да се следат при случајно истурање или протекување на производот и

10) прва помош и медицински третман што треба да се дадат во случај на здравствена повреда на лице.

(2) Ако барателот последователно увиди дека претходно доверливите информации не се повеќе доверливи информации, е должен веднаш и соодветно да ја информира Управата.

## Спречување на дуплирање на тестови за `рбетници

## Член 21

(1) Ако активната супстанција е вклучена во Листата Анекс 1, правното лице кое е со намера да поднесе барање за одобрување за производ (во натамошниот текст: барател) треба, пред изведувањето на експериментите кои вклучуваат 'рбетни животни, да побара од Управата информации:

1) дали производот кој е предмет на барањето за одобрување, е ист како производот кој веќе е одобрен во Република Македонија или земја членка на ЕУ и

2) за името  и адресата на носителот или носителите на одобрувањето на истиот производ и во исто време да изјави писмено дека има намера да поднесе барање за одобрување и дека има пристап до податоците согласно со членот 4 став (4) на овој закон. Управата откако ќе го потврди барањето, а со цел да се спречи дуплирање на тестирањето за 'рбетни животни треба да му обезбеди на потенцијалниот барател адреса од носителот на одобрението и во исто време треба да го извести носителот на одобрението за адресата на потенцијалниот барател за одобрување на истиот производ.

(2) Носителот на одобрението и потенцијалниот барател треба да ги преземат сите потребни чекори за да постигнат договор за да го делат досието, така што ќе се избегне повторување на тестирањето на 'рбетни животни.

(3) Управата треба да бара писмен документ, со кој се потврдува, дека носителот на одобрението и потенцијалниот барател постигнале договор за да го делат досието. Доколку не постои согласност, Управата ги одредува разумно со урамнотеженост правата и интересот на засегнатите страни.

## Дозвола за истражување и развој

## Член 22

(1) Секој експеримент или тест за истражување или развој, што вклучува испуштање на неодобрен производ во животната средина и производ кој се користи на начин различен од оној што е одобрен, може да се врши врз основа на дозвола пред започнување на експериментот или тестот за опитни цели и под контролирани услови и за ограничени количини и површини издадено од Управата. Со дозволата се одредуваат количините, условите во кои експериментите или тестовите може да бидат изведени, површините, правното и физичкото лице кое ќе ги врши испитувањата.

(2) Физичките или правните лица кои имаат намера да вршат експерименти или тестови согласно со ставот (1) од овој член, треба да поднесат барање за дозвола до Управа и досие што ги содржи сите достапни податоци со цел да се овозможи да се направи процена на можните ефекти врз здравјето на човекот и животните или за можното влијание врз животната средина.

(3) Ако постои веројатност, предложените експерименти или тестови од ставот (1) на овој член да имаат штетни ефекти врз здравјето на човекот или животните или да имаат несакано негативно влијание врз животната средина, Управата ќе ги забрани или ќе ги дозволи под услови што таа ги смета за неопходни за да се спречат овие последици.

(4) Против дозволата од ставовите (1) и (3) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(6) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член не се применуваат на експерименти или тестови чија цел се генетски модифицирани организми.

(7) За целите на овој член и спроведување на овој закон, генетски модифицирани организми значат; организми со исклучок на човекот во којшто генетскиот материјал е променет на начин којшто не се случува во природата со спарување и/или со природно реструктуирање.

(8) Начин и постапка под кои треба да се извршат експерименти или тестови од ставовите (1) и (2) на овој член, просторните, кадровските и другите услови за физичкото и правното лице ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање.

Официјално признаен тест

Член 23

(1) Научните институции и другите правни и физички лица на кои Управата, врз основа на нивно барање, издала дозвола за исполнување на условите од ставот (3) на овој член и способноста за извршување на овие тестови (во натамошниот текст: овластени лица) имаат право да извршуваат официјални тестови за ефикасноста на производ согласно со членот 7 ставови (5) и (6) од овој закон на теритотијата на Република Македонија.

(2) Управата е надлежна во соработка со официјално овластените лица:

1) да ги одреди рамките за тестирање на производот;

2) да побара податоци за подготовката на тестирањето на производот и за неговиот тек, како и да побара доставување на документи за исполнувањето на условите за тестирање на производите и

3) да изврши контрола врз тестирањето на производите.

(3) Начин и постапка под кои треба да се извршат официјалните тестови од ставот (1) на овој член просторните, кадровските и другите услови и професионалната квалификуваност на лицата кои ќе ги спроведуваат официјално признаените тестови ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Методите за овие тестови треба да бидат спроведени во согласност со стандардите утврдени од Европскомедитеранската организација за заштита на растенијата (ЕППО), добра експериментална пракса (ГЕП) и други соодветни прописи на ЕУ .

(5) Против решението за одбивање на барањето за издавање на дозволата од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Стручна комисија

Член 24

(1) За потврдување на стручните работи од областа на одобрувањето на производите, се формира стручна комисија од експерти од областа на заштитата на растенијата, хемија, екотоксикологија, токсикологија и други области.

(2) Членовите на комисијата од ставот (1) на овој член не можат да бидат поврзани со подносителите на барања или со правните и физичките лица кои произведуваат или пласираат на пазар производи во смисла на судир на интереси. За спречување на судир на интереси, соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси. Во постапката на одобрување на производите за заштита на растенијата, членовите на стручната комисија потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси.

(3) Стручната комисија со решение ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по предлог на министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање.

(4) Стручната комисија е одговорна за даденото мислење за досието.

(5) Трошоците за работа на комисијата ги утврдува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за тековната година со трансфер од Програма за фитосанитарна политика.

(6) Процедуралните правила за работа на комисијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со согласност од министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање.

## III. РАКУВАЊЕ СО ПРОИЗВОДИ

### Пакување и декларирање на производот

### Член 25

(1) Пакувањето и декларирањето на производите треба да биде извршено во согласност со прописите на ЕУ за класификување, означување и пакување на опасни супстанции и препарати, со овој закон и законот со кој се уредуваат опасни супстанции и препарати и во согласност со одобрението издадено од Управата.

(2) Пакувањата на производот мора да ги покажуваат јасно и недвосмислено следниве податоци на македонски јазик:

1) трговскиот назив или заштитниот знак на производот;

2) називот и адресата на носителот на одобрувањето и бројот на одобрението за производот и ако се поинакви назив и адреса на лицето кое е одговорно за финалното пакување и декларирање или за финалното декларирање на производот за пласирање на пазарот;

3) називот и количеството на секоја активна супстанција изразени како што е утврдено согласно со прописите на ЕУ за класификација, означување и пакување на опасни супстанции или, ако не е вклучено во него нејзиното ISO име;

4) ако ISO името не е достапно, активната супстанција се именува со нејзиното хемиско назначување, според номенклатурата на Меѓународното здружение за чиста и применета хемија (IUPAC);

5) нето количеството на производот наведено во законски мерни единици;

6) број на серијата на формулацијата или друг начин за нејзино идентификување;

7) информации за прва помош и други информации утврдени со одобрението;

8) природата на сите специфични ризици за луѓето, животните или за животната средина, според значењето на стандардните фрази избрани како соодветни, од оние утврдени со одобрението;

9) означување според степенот на отровноста (многу отровен Т+);

10) безбедносни мерки на претпазливост за заштита на човекот, животните и животната средина, во форма на стандардните фрази (С, Р фрази) избрани како што е соодветно од оние одредени со одобрението;

11) видот на дејството на производот (инсектицид, регулатор за растење, хербицид и друго);

12) типот на формулацијата (производот) (пример, растворлив прав, концентрирана емулзија);

13) намените за кои е одобрен производот за сите специфични услови во земјоделството, шумарството, здравствена состојба на растенијата и на животната средина, за кои производот може да се користи или оние за кои не треба да се користи треба да биде видно означен;

14) упатства за употреба и степенот на дозирање изразени во единица мерка, за секоја употреба предвидена според одобрението;

15) каде што е потребно безбедносниот интервал меѓу примената за секој вид употреба и:

- сеење или садење на културата што треба да се заштити,

- сеење или садење на последователните култури, во ротацијата на културите,

- пристапот на луѓето или на животните,

- жетвата или собирањето и

- користењето или консумирањето;

16) детали за можната фитотоксичност, за чувствителноста на сортата и сите други непосредни или посредни негативни  споредни ефекти врз растенијата или врз производите од растително потекло заедно со интервалите меѓу примената и сеењето или садењето на:

- предметната култура или

- последователната култура;

17) ако се придружени со упатство, како што е предвидено во ставот (2) на овој член, да ја содржи реченицата ”пред употреба задолжително да се прочита приложеното упатство”;

18) упатство за безбедно отстранување на производот или негови остатоци и на неговото пакување и

19) дата на производство и рок на употреба.

(3) Управата може, во одобрението, да дозволи податоците кои се бараат во ставот (2) точки 14, 15 и 16 од овој член да бидат дадени во посебно упатство придружено на пакувањето ако просторот на пакувањето не е доволен. Ова упатство ке се смета како дел од декларацијата на производот. На пакувањето на производ означен како многу отровен треба да се дозначи дека може да се користи само од посебни категории на корисници согласно со членот 35 на овој закон, овој факт вклучувајки ги и карактеристиките на категориите, мора да биде споменат на пакувањето.

(4) На пакувањето на производот не смее да се покажуваат индикациите "неотровно", "безопасно" или други слични индикации. Информации за употребата на производот кога пчелите се активни или други целни видови или кога културите се во цвет или други слични изрази за заштита на пчелите или на други целни видови може да бидат дадени на декларацијата, ако одобрението конкретно се однесува на употребата за време на сезоната на пчелите и претставува минимална опасност за нив.

(5) Управата заради заштитата на луѓето, животните или животната средина, може да бара на пакувањето јасно, недвосмислено и разбирливо да бидат наведени дополнителни фрази. За тоа треба да се информира Европската комисија.

(6) Поблиските услови за пакувањето на производите, декларирањето и означувањето на стандардните фрази ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање.

Производство, пласирање на пазарот и складирање на производи

Член 26

(1) Производство и пласирање на пазарот на производи и активни супстанции кои се вклучени во производ, може да врши правно лице од членот 4 ставови (2) и (3) на овој закон, на производ кој е одобрен во Република Македонија и доколку е запишан во регистарот на правни лица за производство, пласирање на големо и на мало во специјализирани продавници на производи за заштита на растенијата (во натамошниот текст: регистар).

(2) Правните лица кои произведуваат и складираат производи со цел за нивно пласирање на пазарот, се должни да обезбедат услови за:

1) производство според видот на производот кој е наведен во барањето;

2) складирање на производите според нивните видови и одделно од други производи и производи кои се за фрлање како отпадоци и вон допир со производи кои би можеле да влијаат на нивните карактеристики;

3) одделно складирање на производите со одминат рок на употреба и повлечените количества;

4) специјализирани продавници за промет на мало за издавање на корисниците според добра земјоделска пракса;

5) обезбедување на лица со содветно образование и професионално искуство според видот на дејноста, и тоа за:

5.1 производство, хемичар или технолог и специјалист по заштита на растенијата и

5.2 пласирање на големо и во специјализирани продавници (земјоделски аптеки) дипломиран земјоделски инженер (сите насоки -студиски програми во кои се вклучени предмети од обласа на заштитата на растенијата) и

6) исполнување и на други барања утврдени со прописот од ставот (7) на овој член.

(3) Правните лица од ставот (1) на овој член на нивно барање Управата ги запишува во регистарот.

(4) Управата со решение ги утврдува условите кај правните лица кои поднеле барање за запишување во регистарот и го води регистарот од ставот (1) на овој член.

(5) Против  решението од ставот (4) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(7) Поблиските услови за производство, складирање на производите, пласирање на пазарот и професионалната квалификуваност на лицата за пласирање и управување со производот и формата и содржината и начинот на водење на регистарот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање.

Евиденција

Член 27

(1) Правните лица кои произведуваат, пласираат на пазарот и складираат производи се должни да водат евиденција за произведените количества, за приемот и испораката на производите, вклучувајќи ги и производите со поминат рок на траење како и за враќање на празната амбалажа од употребените производи.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член правните лица треба да ги достават до Управата најдоцна до 31 март наредната година.

(3) Правните лица кои произведуваат и пласираат на пазарот производи класифицирани во групата на отровност (ризик) означен како Т+, покрај евиденцијата од ставот (1) на овој член, обврзани се да ги водат и следниве видови на евиденција:

1) податоци за: заштитено име, користењето и рок на траење на производот;

2) дата на продажба на производот;

3) количества на продадени производи;

4) за правните лица, фирма, седиште на фирмата и единствен даночен број и

5) потпис на испорачателот и примателот.

(4) Евиденцијата може да се води во електронска или пишана форма.

(5) По барање на Управата правните лица се должни да ги даваат на увид и доставуваат податоците од ставовите (1) и (3) на овој член.

(6) Содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставовите (1) и (3) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 27-а

Задолжување за пласирање на пазар

Правните лица кои се занимаваат со пласирање на производите за заштита на растенијата на пазар на големо и мало се должни телефонскиот број на Државниот инспекторат за земјоделство да го истакнат на видно место на влезот на продажните места, магацините и деловните простори.

Увоз на паралелен производ

Член 28

(1) Одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија може да добие правно лице кое ги исполнува условите од членот 26 став (2) на овој закон за пласирање пазар на големо на производи за заштита на растенијата и кое има добиено одобрение за пласирање на пазар на големо на производи за заштита на растенијата за производ за заштита на растенијата за кој Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство веќе има издадено одобрение за пласирање на пазар.

(2) Производот за заштита на растенијата што има одобрение за пласирање на пазарот во земја членка на Европската унија, Швајцарија, Норвешка, Канада, Јапонија, Израел, САД, Русија или Турција може да се увезува паралелно на територијата на Република Македонија кога е ист или сличен со производот за заштита на растенијата за кој има одобрение за пласирање на пазар на територијата на Република Македонија.

(3) Ист или сличен производ за заштита на растенијата е производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз и производот за заштита на растенијата што има добиено одобрение за пласирање на пазар на територијата на Република Македонија кои имаат ист квалитативен и квантитативен состав на активна супстанција, иста формулација, иста доза и се произведени од ист

производител или производители што припаѓаат на иста група на производители или се произведени под лиценца на ист лиценциран партнер.

(4) Подносител на барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е правното лице од став (1) на овој член кое не е во деловна врска, односно капитално поврзан со носителот на одобрението за пласирање на пазар на тој производ во Република Македонија.

(5) Барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија се поднесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во кое се посочува државата од ставот (2) на овој член од која ќе се врши паралелниот увоз и кон истото се приложува документацијата и податоците од членот 28-а на овој закон.

(6) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата го издава одобрението или го одбива барањето.

(7) Формата и содржината на барањето од ставот (5) на овој член, начинот на добивање на одобрение за паралелен увоз и формата и содржината на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(8) Доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не издаде одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата, односно не го одбие барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата во рокот од ставот (7) на овој член, подносителот на барање има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(9) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (8) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е уважено или одбиено. Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(10) Кон барањето за донесување на решение за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (5) на овој член.

(11) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(12) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (11) на овој член да изврши надзор во Министерството за земјоделство,

шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

(13) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(14) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кои министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(17) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (16) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (11) и (12) на овој член и/или не поднесе пријава согласно ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Во случајот од ставот (18) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(20) Во случаите од ставот (19) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(21) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (20) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(22) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рок од ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(23) Постапката пред Управниот суд е итна.

(24) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (7) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 28-а

(1) За добивање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата, правното лице од член 28 став (1) од овој закон поднесува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со следната документација и податоци:

1) податоци за производот за заштита на растенијата за кој е издадено одобрение за пласирање на пазар во Република Македонија (име на производот за заштита на растенијата, назив и количество на секоја активна супстанција која ја содржи производот, квалитативен состав на помошните супстанции во производите за заштита на растенијата, типот на формулацијата, начин на дејството на производот, намените за кои е одобрен производот, детално упатство за употреба и степен на дозирање, каренца, рок на употреба, посебни услови на чување, назив и адреса на носителот на одобрението за пласирање на пазар во Република Македонија и број на одобрение за пласирање на пазар);

2) податоци за производот за заштита на растенијата за кој се поднесува барање за добивање на одобрение за паралелен увоз (име на производот за заштита на растенијата, назив и количество на секоја активна супстанција која ја содржи производот, квалитативен состав на помошните супстанции во производите за заштита на растенијата, типот на формулацијата, начин на дејство на производот, рок на употреба, каренца, земја од која производот се увезува и во која се наоѓа во промет, намените за кои е одобрен производот во земјата од која се увезува, детално упатство за употреба и доза/концентрација на производот во земјата од која се увезува, број на одобрение за ставање на производот за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што производот се увезува, назив и седиште на носителот на одобрението за ставање во промет на производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се увезува, назив и седиште на производителот на производот за заштита на растенијата и адреса на местото на производство, назив и седиште на правното лице од кое се набавува производот);

3) податоци за разлики меѓу производот за заштита на растенијата за кој се поднесува барањето за паралелен увоз и производот за заштита на растенијата за кој постои одобрение за пласирање на пазар во Република Македонија (разлики во име на производителот, производна локација, составот на помошните супстанции, пакувањето, намена, доза/концентрација на производот, мерки на претпазливост и предупредување), доколку постојат;

4) изјава од подносителот на барањето од член 28 став (4) од овој закон, дека производот за заштита на растенијата во пакувањето во кое се увезува во Република Македонија и е предмет на паралелен увоз има одобрение за ставање во промет и се наоѓа во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз на производи за заштита на растенијата со податоци за производите за заштита на растенијата од надлежен орган, доколку истите може да се обезбедат од јавно достапната веб страница на надлежниот орган;

5) доказ дека подносителот на барањето има вработено лице со завршено најмалку високо образование од областа на земјоделските науки (насоки на кои се слушани предмети од областа на заштитата на растенијата), одговорно за известување во случај со проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата и дефекти на сериите на истите, со податоци за име и презиме, стручна подготовка и телефонски број за контакт заради постојана достапност;

6) изјава дека подносителот на барањето од член 28 став (4) од овој закон не е во деловна врска, односно капитално поврзан со носителот на одобрението за пласирање на пазар на производи за заштита на растенија во Република Македонија;

7) договор со правното лице од кое се набавува производот за заштита на растенијата;

8) одобрение за пласирање на пазар на големо на правното лице од кое се набавува производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелниот увоз, издадена од надлежен орган, со превод од овластен судски преведувач на текстот на македонски јазик и неговото кирилско писмо;

9) упатство за употреба коешто е одобрено во земјата од каде што се врши паралелен увоз и кое се наоѓа во оригиналното пакување на производите за заштита на растенијата, со превод од овластен судски преведувач на содржината на текстот на македонски јазик и неговото кирилско писмо;

10) предлог на упатство за употреба на производите за заштита на растенијата, на македонски јазик и неговото кирилско писмо, со наведување на податоци за носителот на одобрението за паралелен увоз, како и за разликите, доколку постојат;

11) примерок од производот во вид во кој се наоѓа во промет во земјата од која се врши паралелен увоз;

12) предлог на дополнителна етикета која ќе се наоѓа на оригиналното надворешно пакување на производот за заштита на растенија со потребните податоци и ознаки за производот за заштита на растенијата на македонски јазик и неговото кирилско писмо, со наведување на податоци за носителот на одобрението за паралелен увоз, како и за разликите, доколку постојат;

13) изјава дека ставањето на етикета и вметнувањето на упатство за употреба на производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз, ќе се врши од страна на увозникот кој е подносител на барањето и

14) доказ за платени надоместоци за одобрување на паралелен увоз на производи за заштита на растенијата.

(2) Производот за заштита на растенијата кој е паралелно увезен се употребува под истите услови како и производот за заштита на растенијата за кој е издадено одобрение за пласирање на пазар на територијата на Република Македонија.

(3) Кога помеѓу производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз и производот за заштита на растенијата што има одобрување за пласирање на пазар за употреба на Република Македонија постојат разлики правното лице од член 28 став (1) на овој закон доставува доказ дека тие не влијаат врз ефикасноста на производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз.

(4) По добивањето на одобрението за паралелен увоз, во периодот на неговото важење, носителот на одобрението е должен да ги следи сите промени што ќе настанат кај производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелниот увоз (дополнување на информациите за производот за заштита на растенијата на пакувањето и/или во упатството за употреба и/или на секој друг податок) и за истото да ја извести Управата.

(5) Ако промените се однесуваат на податоците во упатството за употреба и на други безбедносни промени што ќе настанат кај производи за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелен увоз, носителот на одобрението за паралелен увоз на производот за заштита на растенијата е должен до Управата да достави барање за промени, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на промената во земјата од каде што се врши паралелен увоз на производи за заштита на растенијата.

(6) Носителот на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да доставува ажурирано упатство за употреба на производи за заштита на растенијата во согласност со настанатите промени во добиеното одобрение за ставање во промет во Република Македонија за тој производ за заштита на растенијата.

(7) Носителот на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да определи лице одговорно за известување во случај со проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата кое ќе биде постојано и континуирано достапно и кое е должно да известува во случај на проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата и дефекти на сериите на истите.

(8) Носителот на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да ја извести Управата во случај на повлекување на одобрението за ставање на производите за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз во рок од 15 дена од денот на повлекувањето на одобрението.

(9) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го одзема одобрението за паралелен производ за заштита на растенијата во случај на повлекување на одобрението за

ставање на производот за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз.

(10) Правни лица кои се директни корисници на производи за заштита на растенијата можат да вршат паралелен увоз за сопствена употреба по претходно спроведена постапка за добивање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата, како и со доставување на изјава дека истите производи нема да се ставаат во слободен промет, притоа во овој случај не се обезбедува етикета која се прелепува на оригиналното пакување.

Член 28-б

(1) Одобрението за паралелен увоз на производот за заштита на растенијата важи две години. Ново одобрение се добива согласно со одредбите на овој закон со поднесување на барање најмалку два месеци пред истекувањето на важноста на одобрението.

(2) Одобрението за паралелен увоз на производ за заштита на растенијата не престанува да важи по автоматизам кога носителот на одобрението за пласирање на производот за заштита на растенијата на пазар во Република Македонија го повлече производот што е пласиран на пазарот на територијата на Република Македонија од причини кои не се поврзани со загрозување на безбедноста на луѓето, животните и животната средина.

(3) Носителот на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да води евиденција за паралелните производи за заштита на растенијата и истата да ја чува најмалку пет години. Во евиденцијата се внесуваат следните податоци:

- назив и адреса на правните лица кои имаат одобрение за пласирање на пазар на големо и мало на производи за заштита на растенијата и на лицата (правни/физички) на кои им бил продаден или биле снабдени со паралелно увезениот производ за заштита на растенијата,

- датум кога била извршена продажба или снабдување со паралелно увезениот производ; и

- доставена количина и број на серија на производот за заштита на растенијата кој е предмет на паралелен увоз.

(4) Ако носителот на одобрението за паралелен увоз одлучи да престане да пласира на пазарот производ за заштита на растенијата за кој има добиено одобрение за паралелен увоз пред истекот на одобрението, истиот е должен да ја извести Управата најмалку два месеца пред прекинот на пласирањето на производот на пазар во Република Македонија.

(5) За производот чиешто одобрение за паралелен увоз е истечено, количините кои се веќе пласирани на пазарот во Република Македонија може да останат во промет и по денот на истекувањето на рокот на важност на одобрението, но не подолго од 12 месеци од истекот на одобрението за паралелен увоз, освен во случаи поврзани со ефикасноста на производот и безбедноста во однос на здравјето на луѓето, животните и животната средина.

## IV. ДРУГИ ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

### Општо

### Член 29

(1) Другите производи за заштита на растенијата вклучуваат помошни производи за заштита на растенијата (во натамошниот текст: помошни производи) и биоагенси кои се регулирани со овој закон. Овие производи за заштита на растенијата можат да бидат пласирани на пазарот и користени ако се запишани во регистар за други производи за заштита на растенијата кој се води во Управата. Само правно лице врз основа на чие барање е извршен упис во регистарот, има право да пласира други производи на пазарот.

(2) Барањето за упис во регистарот од ставот (1) на овој член треба да биде поднесено до Управата од производителот или од увозникот кој е со намера да го пласира другиот производ на пазарот (во натамошниот текст: барател). Условите од членот 4 ставови (2) и (3) на овој закон се применуваат за барателот за упис во регистарот.

(3) Директорот на Управата ќе донесе решение, врз основа на поднесеното барање, за упис на другите производи во регистарот, ако барањата утврдени со решението се исполнети и барателот за упис има изготвено декларација дека ова средство ги задоволува посебните барања согласно со членот 32 на овој закон во случај на помошен производ и членот 33 на овој закон во случај на биоагенси и доколку Управата не констатирала дека декларацијата на барателот е лажна.

(4) Барателот за упис на другиот производ во регистарот е обврзан да обезбеди на негов трошок примероци од другиот производ или биоагенсот, чијшто упис во регистарот е побаран.

(5) Поблиските услови за барањето за упис на другите производи во регистарот и содржината на регистарот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Управата со решение врши упис на другите производи во регистарот од ставот (1) на овој член во рок од 90 дена.

(7) Доколку надлежниот орган во рокот утврден во ставот (6) на овој член не издаде решение за упис на другите производи во регистарот ќе се смета дека позитивно е одговорено на барањето.

(8) Ако Управата утврди дека другите производи не се совпаѓаат со барањата утврдени во ставот (2) или (3) од овој член ќе издаде решение за одбивање на барањето за упис во регистарот или ќе донесе решение за бришење од регистарот ако веќе е запишан во него.

(9) Против решенијата од ставовите (3) и (8) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(10) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(11) Другите производи наменети исклучиво за истражувачки и развојни цели не се предмет на упис во регистарот.

(12) Ако е потребно од гледна точка на заштитата на здравјето на луѓето и животните или на животната средина, користењето на другите производи, Управата може со дозволата да:

1) ја ограничи важноста на уписот во регистарот за одреден период;

2) го ограничи спектарот на полето на употреба на другите производи;

3) утврди посебни услови за користење на другите производи или

4) ги утврди информациите со кои другите производи мораат да бидат означени.

(13) Управата може да ги контролира другите производи во секое време и може да одлучи декларирањето и користењето да го промени ако тоа е неизбежно од гледна точка на почитувањето на одредби од законите на Република Македонија, прописите на ЕУ, како и техничките норми или постојното научно и технично знаење.

(14) На барање на носителот на решението, поднесено најмалку два месеца пред денот кога важењето на решението за упис на другите производи во регистар ќе истече, Управата може да донесе решение за негово продолжување.

(15) Во случај на помошен производ или биоагенси, кои содржат генетски модифицирани организми, овие производи може да бидат запишани во регистар само кога барателот ќе достави позитивно мислење од надлежниот орган издадено согласно со закон.

(16) Употребата на другите производи за експериментални цели е можно, ако:

1) за користењето била писмено известена Управата не подоцна од 60 дена пред неговото започнување и

2) управата не ја забранила експерименталната употреба на другите производи и тоа најдоцна два дена пред започнувањето, или не утврдила посебни услови за ова користење ако тоа е неизбежно за заштита на здравјето на човекот и животните, животната средина, растенијата и растителните производи.

(17) Известувањето од ставот (16) точка 1 на овој член треба да содржи:

1) идентификација на известувачот (деловно име, или име и презиме и адреса);

2) обележување на местото каде што ќе се реализира екперименталната употреба на други производи;

3) опис на целта, големината и начинот на екперименталната употреба на други производи и

4) одредбите од членовите 25, 26 и 27 на овој закон соодветно ќе се применуваат и за користење на помошните производи.

(18) Одредбите од членот 28 на овој закон соодветно ќе се применуваат при увозот на другите производи за заштита на растенијата.

Член 30

Другите производи за заштита на растенијата пласирани на пазарот од членот 29 став (1) на овој закон мора да бидат декларирани и означени со податоци пропишани од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 31

Лицето на кое со дозволата му се одобрува упис во регистарот на други производи за заштита на растенијата треба да ја извести Управата за:

1) сите нови сознанија за можни и утврдени штетни ефекти од овие производи и

2) промените на дозволата за пласирање на пазар на овие производи, кои се извршени во земјите членки на ЕУ.

Помошен производ за заштита на растенијата

Член 32

(1) Помошниот производ е во согласност со посебните барања од членот 29 став (3) на овој закон, ако:

1) нема штетни ефекти врз растенијата или растителните производи со кои доага во контакт при неговата примена;

2) е ефикасен од гледна точка на целта за која е наменет;

3) сите компоненти од кои е направен се идентификувани;

4) неговите физички, хемиски и други својства кои го потврдуваат неговото стандардно производство се дефинирани;

5) не го зголемува ризикот кој произлегува од користењето на производот;

6) неговото користење не причинува штетни ефекти врз здравјето на лугето, животните и врз животната средина и посебно на подземните води и

7) не содржи супстанции за кои е забрането производството, увозот и пласирањето на пазарот во Република Македонија.

(2) Од гледна точка за заштита на здравјето на луѓето, Управата треба да обезбеди мислење за барањето за упис на помошниот производ во регистарот на други производи за заштита на растенијата, од надлежниот орган од областа на здравството. Ако помошниот производ содржи супстанции кои покажуваат штетни дејства, тој треба да биде предмет на класификација во согласност со прописите за класификација кои се соодветни на прописите на ЕУ. Барателот при поднесувањето за упис на помошниот производ во регистар треба да ги приложи кон барањето и резултатите од класификацијата.

(3) Ако помошниот производ во содржината има придружен производ, Управата може да побара барателот да приложи кон барањето, податоци и документи со кои ќе се идентификуваат својствата и ефектите со кои може да се промени производот.

Биоагенси

Член 33

(1) Биоагенсите ќе се регистрираат, ако се во согласност со посебните барања согласно со членот 29 став (3) на овој закон, доколку:

1) својствата се потврдени од производот и овие својства е докажано дека ќе останат константни во производството;

2) се ефикасни за целите за кои се наменети и

3) не содржат компоненти кои покажуваат негативни ефекти врз здравјето на луѓето кое не може да биде заштитено со соодветна лична опрема за заштита.

(2) Биоагенсите не смеат да се користат различно од утврденото во решението и од податоците со кои тие се декларирани, освен во случај на одобрена проширена примена на користење на производот согласно со членот 14 на овој закон или за користење, истражување и развој согласно со членот 22 на овој закон или за тестирање согласно со членот 23 на овој закон.

(3) За примената на биоагенсите во регистрацијата и декларацијата треба да се наведе следново:

1) максималната (најголемата) доза да не се надминува и интервалите за безбедност пропишани во упатствата за користење не смеат да бидат скратени;

2) користењето не смее да се разликува од упатствата за заштита на здравјето на луѓето и животните, водата, пчелите, водни организми и земјени (почвени) организми, повикувајќи се на упатствата за користење, како и на барањата утврдени со прописите од соодветната област и

3) растенијата од пошироката околина, надвор од местото на кое е применатa, не смеат да бидат оштетени.

(4) Користењето на биоагенсот мора да се евидентира на начин пропишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Евиденцијата и документите треба да се чуваат најмалку пет години.

(6) На барање на Управата корисниците (претприемачите) составуваат досие и се должни да обезбедат имиња и информации за количината на користениот биоагенс во последната календарска година.

Известување и обврска за документирање

Член 34

Претприемачите, застапниците кои увезуваат производи и други производи, или ги произведуваат на територијата на Република Македонија се обврзани:

1) да ја известат Управата до 31 март во наредната година за имињата и количините на производите и другите производи кои се пласирани на пазарот во претходната година и

2) да и дадат на Управата, на нејзино барање, податоци за пакувањето како и примероци од упатства и амбалажа за пакувањата на производите и другите производи во оригинална форма.

Користење на многу отровни супстанции и производи (Т+)

Член 35

(1) Многу отровни супстанции и производи се супстанции и производи кои во мали количини предизвикуваат смрт или акутно или хронично оштетување на здравјето на луѓето кога ќе се проголтаат, вдишат или апсорбираат преку кожата (Т+), односно I група отрови, согласно со Законот за хемикалии.

(2) Работа со многу отровни супстанции и производи вршат овластени правни лица кои исполнуваат определени кадровски, организационо-технички и други услови. Овластувањето го дава министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Поблиските услови од ставот (2) на овој член и начинот на употребата и користењето на многу отровни супстанции и производи ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и

водостопанство во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање и министерот за здравство.

Член 35-а

Испитување на производи за заштита на растенија и резидуи во примарно земјоделско производство

(1) Испитувањата на производите за заштита на растенијата кои се во постапка на одобрување, контрола и надзор на производството, пласирање на пазарот и увозот, резидуите на и во примарните земјоделски производи од растително потекло како и испитувањата согласно мониторингот во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство ги врши акредитирана лабораторија согласно со стандардот МКС EN ISO/IEC 17025.

(2) До акредитирање на лабораторијата од ставот (1) на овој член испитувањата ќе ги вршат лаборатории врз основа на дозвола за вршење на јавна услуга согласно со членот 50 од овој закон.

V. УПОТРЕБА

Употреба на производи

Член 36

(1) Производите треба да се употребуваат според наведеното во одобрението од членовите 3 став (4) и членот 8 на овој закон и податоците од декларацијата или според исклучокот за производи кои имаат: проширена примена согласно со членот 14 на овој закон, истражување и развој согласно со членот 22 на овој закон или за официјално тестирање согласно со членот 23 на овој закон.

(2) При употребата на производот особено треба:

1) да не се надминува, максималната доза;

2) интервалите за апликација, пропишани во упатствата за употреба, не смеат да бидат скратени;

3) да се почитуваат начелата на добра земјоделска пракса и ако е можно и интегрална заштита;

4) апликацијата на производите да се врши со машини и апарати кои ке обезбедат правилна примена;

5) да не се отстапува од упатствата за заштита на здравјето на лугето и животните, водата, пчелите, водните организми и земјени (почвени) организми, повикувајки се на упатствата за користење;

6) растенијата од пошироката околина, покрај местото на кое се врши примената, не смеат да бидат оштетени;

7) производите кои според одобрувањето се означени со стандардни фрази за специфична ризичност:

- Р 50 "многу токсични за водни организми",

- Р 51 "токсични за водни организми",

- Р 52 "штетни за водни организми" и

- Р 53 "може да причинат долгорочни лоши ефекти во водната средина", може да бидат применувани само на растојанија од водата на површини кои ќе ја исклучат можноста производите при употребата да паднат или да се разнесат со ветер во водата или подоцна да бидат однесени со дождовница во водата и

8) со амбалажата од употребените производи, неупотребените производи да постапуваат во согласност со прописите кои го уредуваат управувањето со отпадот.

(3) Управата согласно со членот 62 став (1) точка 13 на овој закон организира едукација на корисниците за примената за производите за заштита на растенијата.

(4) Корисниците кои употребуваат производи се должни да водат евиденција за секое третирање на растенијата и на растителните производи. Евиденцијата треба да се чува најмалку пет години.

(5) Корисниците се должни на барање на Управата да обезбедат податоци за количината и потеклото на користениот производ во последната календарска година.

(6) Пропишаните МНР во растенијата и растителните производи не смеат да се надминуваат.

(7) Доколку биде утврдено дека се надминати пропишаните МНР во производи на растенијата или растителните производи, истите ќе бидат уништени или на друг начин ќе се спречи нивното користење во вид на прехранбени продукти за луѓето или животните.

(8) Едукацијата на корисниците и начинот на уништување на амбалажата и ракувањето со производите ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање.

(9) Формата, содржината, начинот на водење и чувањето на евиденцијата од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(10) Трошоците за собирање и уништување на празната амбалажа од производи за заштита на растенијата, заостанатите количества од производите за заштита на растенијата и производите за

заштита на растенијата со поминат рок се на товар на производителот или увозникот на производите за заштита на растенијата.

## VI. ЗАШТИТА НА ПЧЕЛИ И ДИВЕЧ

### Услови за користење

### Член 37

(1) Физички или правни лица кои извршуваат третирање на производи и други производи на отворено (во натамошниот текст: извршувач на третирањето) не смеат да ги применуваат производите:

1) кои според одобрението се означени како токсични за пчелите освен, доколку ги има известено најмалку 48 часа пред користењето одгледувачите на пчели или асоцијација на одгледувачи за пчели и органите на единиците на локалната самоуправа надлежни за преземање на мерки за заштита на пчелите и средствата за јавно информирање и

2) чие користење според одобрението е опасно или посебно опасно за копнените 'рбетници, во околината која е дел од ловиште доколку за оваа примена не е известен корисникот, односно концесионерот на ловиштето, за преземање на заштитни мерки и тоа не помалку од три дена пред започнувањето на примената на производот.

(2) Агенцијата за храна и ветеринарство или Фитосанитарната управа може, најмалку 24 часа пред примената за авиоапликацијата и сузбивање на глодарите на отворено, пред започнувањето на примената на производот за кое се известени, да определи посебни услови за негово применување.

(3) Одгледувачите на пчели се должни да ги прифатат општите мерки за заштита на пчелите, релевантни на локалните услови, посебно за местоположбата на колониите и пасиштата кои пчелите ги посетуваат и да обезбедат информации за главните патеки на летање на пчелите, за времето на примената на производите кое е опасно за пчелите од корисниците и надлежните тела.

(4) Корисниците на ловиштето се должни да ги прифатат општите мерки за заштита релевантни на локалните услови посебно за местата кои ги посетува дивечот, местата наменети за хранење на дивечот, видовите на дивеч и да обезбедат информации за времето на примената на производот кое би било штетно или посебно штетно за земјените 'рбетници.

(5) Ако одгледувачот на пчели открие дека се појавуваат мртви пчели или ако корисникот на ловиштето или лице кое рибари открие дека мртов дивеч или риба се појавиле како последица од користење на производот, треба за тоа да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство. Агенцијата за храна и ветеринарство во соработка со Фитосанитарната управа треба да изведе локално истражување, ако има некои сомнежи за причините за смрт кои се поврзани со

користењето на производот, треба да обезбеди примерок на пропишан начин за анализа од овластена институција - лабораторија и да достави информации за резултатите од истражувањата до одгледувачите на пчели или корисниците на ловиштето или до правното лице за вршење риболов. Исто така, треба да го пренесе досието со резултатите за локалното истражување и резултатот од испитувањето на примерокот до Агенцијата за храна и ветеринарство, Фитосанитарната управа и корисникот на ловиштето или носителот за одобрување на ловење, ако лицата имаат штетни последици од примената на производот.

(6) Надоместок на штета може да се оствари според општите прописи за надоместок, само ако се почитуваат препорачаните превентивни мерки за заштита на пчелните семејства и дивечот.

(7) Авиоапликацијата на производи кои се токсични за пчелите не е дозволена.

(8) За авиоапликацијата на производи и на други производи од извршувачот на третирањето или од друго лице овластено од корисникот на полето, мора да се даде известување до органите на единиците на локалната самоуправа и преку средствата за јавно информирање, најмалку 48 часа пред започнувањето со третирањето.

(9) Содржината на известувањето од ставот (1) на овој член и општите мерки за заштита на пчелите и начинот на земање на примерок за анализа ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## VII. ОПРЕМА ЗА АПЛИКАЦИЈА

### Машини и апарати

#### Член 38

(1) Машините и апаратите за апликација на производите за заштита на растенијата може да бидат пласирани на пазарот и користени доколку со предвидената употреба гарантираат соодветна примена на производите, не се штетни за животната и работната средина и луѓето, се обезбедени со сертификат за усогласеност и ги исполнуваат условите наведени во сертификатот.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се однесуваат за машини и апарати кои се:

1) рачно придвижувани, или придвижувани од мотор или воздух под притисок, со резервоар со големина до 20 литри;

2) наменети за цели на истражување, развој или тестирање на производи, со одобрение од Управата и

3) други машини и апарати покрај оние специфицирани под точките 1 и 2 од овој став пропишани од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Машините и апаратите од ставот (1) на овој член, мора да бидат обележани. Податоците ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Регистар на опрема за апликација

Член 39

(1) Машините и апаратите може да бидат пласирани на пазарот од правно лице кое има дозвола за упис на машините и апаратите во регистарот на опрема за апликација на производи за заштита на растенијата (во натамошниот текст: регистар за опрема).

(2) Барање за упис во регистарот за опрема се поднесува до Управата од производителот или увозникот кој планира истите да ги пласира на пазарот (во натамошниот текст: барател).

(3) Право за упис во регистарот за опрема имаат правни и физички лица со седиште, односно со живеалиште во Република Македонија или странско правно лице преку овластено правно лице во Република Македонија.

(4) Врз основа на барањето, на приложената документација и податоци за совпаѓањето на машините и апаратите со пропишаните технички и технолошки барања, извршената експертиза - тестирање на машините и апаратите, Управата издава решение за запишување во регистарот за опрема и сертификат за усогласеност.

(5) Експертизата на техничките и технолошките барања и тестирањето на машините и апаратите ги врши правно лице кое добило јавна услуга или овластување согласно со членовите 50 и 55 на овој закон од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Правното лице по извршеното контролно тестирање издава документ за функционалноста на машините и апаратите.

(6) Правното лице кое го врши контролното тестирање треба да води евиденција за тестирањето на машините и апаратите и редовно да ја информира Управата .

(7) Управата е должна, барањето за упис на машините и апаратите во регистарот за опрема да го реши во период од 90 дена од започнувањето на процедурата и да издаде решение за запишување во регистарот за опрема. Рокот на важност на уписот во регистарот за опрема е минимум пет години.

(8) Доколку надлежниот орган во рокот утврден во ставот (7) на овој член не издаде решение за запишување во регистарот за опрема ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето.

(9) Ако Управата најде несогласување, несовпаѓање меѓу машините и апаратите и барањата наведени во регистарот за опрема или ако барателот не ги исполнува барањата од ставот (4) на овој член, тогаш издава решение за одбивање на барањето за упис на машините и апаратите во регистарот за опрема или решение за бришење на машините и апаратите од регистарот за опрема ако веќе се запишани.

(10) Ако е потребно заради заштита на здравјето на луѓето и животните или животната средина во однос на примената на машините и апаратите Управата може да одлучи да:

1) ја ограничи примената во регистарот за опрема со издавање на решение за упис за ограничен временски период без навлегување во ставот (5) од овој член;

2) ја ограничи околината каде ќе се применуваат машините и апаратите;

3) дефинира посебни услови за користење на машините и апаратите или

4) одреди податоци кои ќе треба да бидат обележани на машините и апаратите.

(11) Технолошките и техничките барања, содржината на документите за функционалноста на машините и апаратите, ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Евиденција и информирање

Член 40

Правното лице носител на решението за упис на машините и апаратите во регистарот на опрема, треба да води евиденција и писмено да ја информира Управата за:

1) набавените и продадените машини и апарати;

2) податоците за лицето на кое се продадени машините и апаратите;

3) новите наоди за потенцијалниот или откриениот недостаток и

4) промената во конструкцијата на машините и апаратите кои може да имаат влијание врз примената на производот.

Продолжување на важност и контролно тестирање

Член 41

(1) По барање поднесено најмалку два месеца пред истекувањето на решението за упис на машините и апаратите во регистарот на опрема Управата ја продолжува важноста на уписот за период од пет години за што е потребно машините и апаратите да поминат низ контролно тестирање.

(2) Контролното тестирање се изведува во интервали пропишани со прописот од ставот (5) на овој член или во рок одреден со контролното тестирање, ако е потребно за отстранување на дефектите

откриени при контролното тестирање на машините и апаратите. Контролното тестирање вклучува тестирање за функционалноста на машините и апаратите, правилна примена на производите во согласност со технолошките барања пропишани со прописот од ставот (5) на овој член.

(3) Контролното тестирање го врши правно лице кое добило дозвола, односно овластување согласно со членовите 50 и 55 на овој закон од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Правното лице по извршеното контролно тестирање издава документ за функционалноста на машините и апаратите.

(4) Правното лице кое го врши контролното тестирање треба да води евиденција за тестирањето на машините и апаратите и за тоа редовно да ја информира Управата.

(5) Технолошките барања, интервалите за контролното тестирање, содржината на документот за функционалноста на машините и апаратите, образецот на евиденцијата и начинот за продолжување на важноста за упис во регистарот за опрема за апликација на производи за заштита на растенијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Увоз на машини и апарати за апликација на производи

Член 42

(1) Дозволен е увоз само на машини и апарати кои поседуваат сертификат или дозвола од надлежен орган. Доколку поинаку не е предвидено со меѓународен или билатерален договор, машините и апаратите кои не поседуваат таков сертификат или дозвола не може да се увезат, освен за реекспорт или транзит.

(2) Поблиските услови за увоз на машини и апарати ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одреди дека не е потребен сертификат или дозвола за одредени видови машини и апарати, за одредена намена и со одредени услови.

## VII-а. МОНИТОРИНГ

Член 42-а

Мониторинг

(1) Фитосанитарната управа спроведува мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство.

(2) Владата на предлог на министерот донесува годишна програма за спроведување на мониторингот од ставот (1) на овој член.

(3) Мониторингот се спроведува преку мерења, следење, оцена и контрола на параметри за идентификација и докажување на производите за заштита на растенија и резидуите во примарните земјоделски производи при увоз и извоз, како и при следственоста во сите фази од процесот на производство.

(4) Начинот на вршење на мониторингот од ставот (2) на овој член поблиску го пропишува министерот.

(5) За спроведување на програмата од ставот (2) на овој член на предлог на директорот на Фитосанитарна управа, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува извештај најдоцна до крајот на април до Владата на Република Македонија за усвојување.

## VIII. ЈАВНИ УСЛУГИ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДИТЕ И ОПРЕМА ЗА ПРИМЕНА НА ПРОИЗВОДИТЕ

Јавни услуги - дефиниција

Член 43

Јавните услуги од областа на производите и опрема за примена на производите (во натамошниот текст: јавни услуги) опфаќаат професионална активност од областа на одобрувањето и пласирањето на пазарот и употребата на производите, како и професионални активности од областа на опремата за апликација на производите.

Форми на јавни услуги

Член 44

Јавни услуги од областа на производите и опремата може да вршат:

1) јавни установи и други правни лица;

2) физички лица;

3) здруженија на граѓаните и

4) единиците на локалната самоуправа.

Услови за давање јавни услуги

Член 45

Субјектите од членот 44 на овој закон за да можат да вршат јавни услуги од областа на производите и опремата треба да исполнуваат соодветни услови во однос на простории и опрема предвидени со овој закон.

Лица кои даваат јавни услуги

Член 46

(1) Право на вршење на професионална работа на давање јавни услуги во областа на производите и опремата имаат само лица со најмалку високо образование од областа на земјоделските или шумарските науки (насоки на кои се слушани предмети од областа на заштитата на растенијата), хемија или земјоделска механизација, со работно искуство од најмалку една година, професионално квалификувани во соодветната област за вршење на одредената јавна услуга.

(2) Поблиските услови во поглед на професионална квалификуваност, опремата, објектите и другите барања, кои треба да ги исполнува лицето за давање јавни услуги од областа на производите и опремата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Професионални активности

Член 47

Професионалните активности од областа на одобрувањето, пласирањето на пазарот и употребата на производите опфаќаат:

1) активности од областа на тестирањето и процената на производи во процедурата на одобрување;

2) лабораториски испитувања на производи;

3) мониторинг на резидуите на производи во или на растенија или растителни производи во однос на правилната употреба на производите во примарното производство;

4) стручна експертиза дадена како поддршка за донесување одлуки од страна на Управата;

5) спроведување истражувачки и развојни активности;

6) создавање и воведување нови процедури на добрата заштитарска пракса и добра земјоделска пракса;

7) воведување европски стандарди во областа на биолошките тестови за ефикасност на производи;

8) активности поврзани со едукација на лицата одговорни за пласирање на производи и корисниците на производи;

9) соработка при воведување, развој и воспоставување на информативен систем;

10) стручна контрола над производството, препакување на производ и над пропишаниот квалитет на производи и помошни производи и

11) други активности од областа на производите.

Професионални активности од областа на опремата

Член 48

Професионалните активности од областа на опремата опфаќаат:

1) стручна експертиза и тестирање за издавање дозвола и сертификат;

2) активности поврзани со едукација;

3) соработка при воведување, развој и воспоставување на информативен систем;

4) спроведување истражувачки и развојни активности и

5) вршење други задачи од областа на опремата.

Обврски

Член 49

(1) Давателите на јавни услуги во областа на производите за заштита на растенијата и опремата ги имаат следниве обврски:

1) постојано и континуирано спроведување на активноста и услугите во согласност со договорот со Управата;

2) давање услуги според претходно утврдена програма и

3) давање услуги според претходно утврдени цени.

(2) Доколку давателот на јавни услуги или овластеното правно лице не даде јавна услуга на лице на кое е должен да ја даде, или не даде услуга по веќе утврдените цени и другите предвидени услови, корисникот на услугата може да побара од Управата таа да одлучи за неговото право и да му наложи на оној кој дава јавна услуга да ја даде јавната услуга на друг давател според истите услови и според договорените цени.

Дозволи

Член 50

(1) Управата издава дозволи за давање јавни услуги од областа на производите и опремата врз основа на јавен конкурс кој се објавува најмалку во два дневни весника.

Јавниот конкурс содржи податоци за:

1) видот на јавната услуга за која се издава дозволата;

2) почеток и времетраење на дозволата;

3) услови кои треба да бидат исполнети од страна на субјектот на кој му се издава дозволата;

4) задолжителни податоци на пријавата;

5) критериуми за избор;

6) временски рок за доделување на дозволата;

7) контакт лице за обезбедување информации во врска со содржината на јавниот конкурс;

8) дата, место и време на отворање на пријавите на конкурсот и

9) начин на информирање на кандидатите за извршениот избор.

(2) Постапката на отворање и оценување на понудите ја спроведува Комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Овластени преставници на понудувачите можат да бидат присутни на отварањето на пријавите.

(4) Понудите кои ќе бидат поднесени по утврдениот рок нема да бидат разгледувани.

(5) Нецелосните понуди може да бидат комплетирани во рок од осум дена од приемот на известувањето за потребата од комплетирањето на барањето, а во спротивно понудата нема да биде разгледана.

(6) Дозволата за давање јавни услуги се издава во форма на решение.

(7) Против решението од ставот (6) на овој член незадоволната странка има право на жалба до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. 4

Договори

Член 51

(1) Субјектите кои добиле дозвола за вршење на јавни услуги од областа на производите и опремата, склучуваат договори со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член се склучува во писмена форма и особено содржи податоци за:

1) дaвател на услугите и стручни лица кои ја извршуваат услугата;

2) услугите од областа на производите и опремата;

3) регионот во кој давателот на услуги мора да дава јавни услуги од областа на производите и опремата;

4) начинот и условите за спроведување на услугите утврдени со договорот;

5) правата, обврските и одговорностите на давателот на услугите;

6) времето и начинот на извршувањето на услугите;

7) почетокот и времетраењето на дозволата;

8) изворите на финансирање;

9) контролата на вршењето на услугите;

10) престанокот на важењето на дозволата;

11) причините за раскинување на договорот и

12) периодот за раскинување на договорот.

Финансирање на јавните услуги

Член 52

Јавните услуги од членот 47 на овој закон од областа на производите и членот 48 на овој закон од областа на опремата ќе бидат финансирани од :

1) сопствени приходи остварени со наплата на цената на дадените услуги;

2) средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година, обезбедени со трансфер за финансирање на Програма за фитосанитарна политика и

3) донации, заеми и други извори.

Цени на јавните услуги

Член 53

(1) Корисниците на јавни услуги од областа на производите и опремата делумно или целосно ќе ја плаќаат цената на одредените услуги, а некои услуги можат да бидат и бесплатни.

(2) Висината на цените на услугите, делот кој го плаќа корисникот и критериумите врз основа на кои ќе се определува висината на цените на услугите ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Контрола на спроведувањето на јавните услуги

Член 54

(1) Контрола на спроведувањето на јавните услуги врши Управата, согласно со овој закон, а јавните услуги од областа на шумарството ќе ги врши согласно со овој закон и прописите од областа на шумарството.

(2) Стручните работи во врска со контролата на вршењето на јавните услуги од ставот (1) на овој член Управата може да ги довери на правни или физички лица кои се квалификувани за вршење на тие работи.

(3) Условите за професионална квалификација на лицата од ставот (2) на овој член поблиску ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение, кое ќе биде објавено во "Службен весник на Република Македонија", ќе ги утврди правните и физичките лица од ставот (2) на овој член и ќе склучи договор со истите за уредување на меѓусебни односи.

(5) Инспекциски надзор на јавните услуги врши фитосанитарен инспектор.

IX. ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

Јавни овластувања

Член 55

(1) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство дава јавно овластување на правни и физички лица кои ги исполнуваат условите во однос на стручниот кадар, просториите и техничките капацитети за задачи дефинирани во членот 62 став (1) точки 3, 4, 5, 6 и 7 на овој закон.

(2) Во однос на стручниот кадар истите треба да имаат вработено најмалку едно лице со најмалку високо образование од областа на земјоделските или шумарските науки (насоки на кои се слушани предмети од областа на заштитата на растенијата), земјоделска механизација, специјализација од областа на заштитата на растенијата или хемија, со работно искуство од најмалку една година, соодветно професионално квалификувани за спроведување на задачите за кои им се доделени јавните овластувања.

(3) Работите од областа на заштитата на растенијата во шумарството дефинирани во членот 62 став (1) точки 3, 4, 5, 6 и 7 на овој закон ги извршуваат лицата утврдени со овој закон и прописите од областа на заштита на шумите.

(4) Поблиските услови од ставот (1) на овој член во врска со просториите и опремата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение дава јавно овластување за вршење на задачи од ставовите (1) и (3) на овој член врз основа на јавен конкурс кој се објавува во најмалку два дневни весника.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член незадоволната странка има право на жалба поднесена до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. 5

(7) Носителите на јавните овластувања се одговорни пред Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за спроведувањето на задачите за кои им се доделени јавните овластувања.

(8) Овластувањето се одзема доколку носителот на јавното овластување повеќе не ги исполнува условите пропишани со овој закон.

(9) Средства за извршување на јавните овластувања се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за тековната година со трансфер од Програмата за фитосанитарна политика.

(10) Контрола на спроведувањето на јавните услуги врши Управата, согласно со овој закон, а јавните услуги од областа на шумарството ќе ги врши согласно со овој закон и прописите од областа на шумарството.

(11) Стручните работи во врска со контролата на вршењето на јавните овластувања од ставот (1) на овој член Управата може да ги довери на правни или физички лица кои се квалификувани за вршење на тие работи.

(12) Условите за професионална квалификација на лицата од ставот (11) на овој член поблиску ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(13) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение кое ќе биде објавено во "Службен весник на Република Македонија", ќе ги утврди правните и физичките лица од ставот (11) на овој член и ќе склучи договор со истите за уредување на меѓусебни односи.

(14) Инспекциски надзор на јавните овластувања врши фитосанитарен инспектор.

Стручен совет

Член 56

(1) Заради советување, давање предлог - мерки кои се однесуваат на заштита на државата од внесување и употреба на одредени штетни агенси, производи и опрема за апликација се формира Стручен совет од експерти од областа на заштита на растенијата, механизација, хемија, екотоксикологија и токсикологија.

(2) Стручниот совет со решение го формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по предлог на министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање, а според нивната област на работа.

(3) Стручниот совет дава мислења, сугестии и предлага мерки кои се однесуваат на:

1) заштитата од внесување, производство, пласирање и употреба на штетни активни супстанции и производи за заштита на растенијата;

2) опремата за апликација на производите за заштита;

3) минимизацијата на ризикот кој се однесува на мерките за употреба на производи за заштита на растенијата;

4) приоритетите во истражувањето;

5) воспоставувањето на меѓународни контакти и

6) за други значајни прашања.

(4) Стручниот совет за својата работа дава извештаи по потреба и на барање на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а најмалку еднаш годишно на крај од годината со предлог-мерки за спречување на одредени последици.

(5) Начинот и принципите за работа на Стручниот совет ги пропишува Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Трошоците за работа на Стручниот совет ги утврдува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за тековната година со трансфер од Програмата за фитосанитарна политика.

## X. ТРОШОЦИ

### Трошоци

### Член 57

(1) За вршење на одредени дејствија од овој закон се плаќаат трошоци за:

1) одобрување на производите ги плаќа подносителот на барањето или носителот на одобрението;

2) издавањето на сертификат за опрема ги плаќа производителот или увозникот;

3) контролно тестирање на опремата ги плаќа сопственикот кој ја користи опремата;

4) одобрување на паралелен увоз на производи за заштита на растенијата;

5) анализа на растенија или растителни производи за содржина на резидуи од производи во текот на инспекцискиот мониторинг ги плаќа корисникот на производи, а доколку истиот не е познат, тогаш сопственикот на растенијата или растителните производи, кога резидуите од производи ги надминуваат пропишаните вредности на резидуи од производи;

6) анализа на почвата и други објекти во текот на инспекцискиот мониторинг на користењето на производи или активните супстанции ги плаќа сопственикот на земјиштето, доколку се утврди забрането или нерегуларно користење на производи;

7) анализа на растенија и други објекти при инспекција на нерегуларно користење на производи, извршена на барање на потрошувачот, ги плаќа корисникот на производи, кога резидуите од производи ги надминуваат пропишаните МНР или кога ќе се утврдат резидуи од производи на растенија на кои производи не било применувано, во спротивно, потрошувачот кој побарал инспекција;

8) испитување на производи во текот на инспекцискиот мониторинг ги плаќа сопственикот на одобрението на производот, во случаи кога тие производи не одговараат на условите одредени во одобрението и

9) тестирање на опремата за примена на производи во текот на инспекцискиот мониторинг ги плаќа производителот или увозникот, доколку се утврди дека опремата не ги исполнува условите од сертификатот.

(2) Висината на трошоците од ставот (1) точки 1), 2), 3) и 4) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и се приход на правно лице кое добило дозвола, односно овластување согласно со членовите 6, 50 и 55 од овој закон од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Трошоците од ставот (1) точки 5), 6), 7), 8) и 9) на овој член доколку резултатите се според пропишаното, се реални трошоци на постапката и се на товар на Буџетот на Република Македонија-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## XI. ПОДАТОЦИ

### Добивање и користење на податоци

### Член 58

(1) За целите на управување и одржување на базите на податоци, и контрола над пласирањето на пазарот на производи, Управата може да ги добие и користи податоците кои се чуваат, во рамките на наведените бази на податоци во овој член, од страна на надлежни државни органи, јавните установи и служби, поседувачите на дозволи и други овластени лица, поточно податоците од:

1) бази на податоци од областа на опасни супстанции и препарати;

2) бази на податоци за загадување на земјиште и водени површини;

3) бази на податоци за вода и еколошки значајни области;

4) база на податоци од јавната книга (број на парцела, граници на парцела, површина, сопственик, корисник и друго) и

5) основни податоци од евиденцијата на граѓаните на Република Македонија (единствен матичен број, име, презиме и адреса) неопходни за одржување на своите бази на податоци.

(2) Во согласност со својата надлежност, Управата ќе ги поврзе своите бази на податоци со сите бази на податоци кои ги чува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Управата може да ги соопштува податоците од своите регистри и базите на податоци на други државни органи и тела и органите на единиците на локалната самоуправа, доколку истите се неопходни за извршување на правно дефинирани активности, како и на јавни установи одговорни за прибирање податоци за акутни токсикации и други ефекти од активни супстанции, како и на други овластени правни лица и оние кои даваат јавни услуги, доколку тие се потребни за извршување на активностите на Управа.

(4) Податоците кои се сметаат за доверливи и тајни според овој закон или чие користење е ограничено со други закони за статистички, даночни и други цели не смее да се соопштуваат.

(5) Податоците од ставот (1) на овој член кои се дефинирани како лични податоци може да бидат соопштени од оние кои ги одржуваат базите на податоци во согласност со правилата за заштита на лични податоци.

(6) Оние кои ги одржуваат базите на податоци треба бесплатно да соопштуваат податоци, а ќе се наплатуваат само директните материјални трошоци за дополнителни примероци и процеси.

(7) Базите на податоци кои ги создала и ги одржува Управата според овој закон и податоците кои ќе ги користи од имателите на податоци ќе бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија со трансфер од Програмата за фитосанитарна политика.

(8) Начинот на поврзување на податоците со другите бази на податоци и начинот на здобивање со податоци од други бази на податоци го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за здравство, министерот за заштита на животната средина и просторно планирање.

Меѓународна размена на податоци

Член 59

(1) Управата на меѓународно ниво ќе разменува податоци за одобрени производи, за забрани, престанување или ограничување на користењето.

(2) Информациите ќе опфаќаат:

1) назив на производителот или носителот на одобрението;

2) заштитно име на производот;

3) физички и хемиски својства на производот;

4) назив и содржина на активните супстанции кои ги содржи производот и намената;

5) времени МНР од производи во растенија, доколку истите сé уште не се утврдени со МНР на ЕУ;

6) во случај на повлекување на одобрението, причини за повлекувањето и

7) податоци потребни за процена на МНР од производи во растенијата.

(3) Листата на одобрени производи во Република Македонија се разменува на меѓународно ниво еднаш годишно. Притоа ќе се почитуваат правилата од земјите членки на ЕУ и Кодексот за однесување за пласирање на пазарот и примена на производите за заштита на растенијата и производи за сузбивање на штетниците на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (FUT).

## XII. НАДЛЕЖНОСТИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

### Министерство

### Член 60

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предлага и ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа на производите за заштита на растенијата и опремата за апликација.

### Министер

### Член 61

За целите на извршување на овој закон, развој и заштита од употребата на производите и опремата, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да:

1) одобри физички или правни лица да изведуваат одредени професионални фитосанитарни активности од нивната област на нивно барање под услови утврдени со овој закон;

2) одобри правни лица да спроведуваат истражувања и развој на нови методи и системи за заштита на растенијата и дефинира правила за фитосанитарна грижа во областа на истражувањето и развојот;

3) формира советодавен комитет како тело за советување составено од врвни експерти во областа на заштитата на растенијата во земјоделството и шумарството, токсикологијата и заштита на животната средина;

4) формира стручна комисија од членот 24 на овој закон и

5) врши и други работи утврдени со овој закон.

### Управата

### Член 62

(1) Управата е надлежна за извршување на следниве задачи и овластувања според овој закон:

1) спроведување на процедурата на одобрување на производи и помошни производи, запишување во регистар на опрема за апликација;

2) изготвување прописи и водење грижа за нивна имплементација подготвување јавни конкурси, склучување договори за давање јавни услуги според овој закон;

3) мониторинг од обласа на употребата на производи за потврдување резистентност, ефикасност, фитотоксичност на растенија или растителни производи од користењето на производите, пласирањето на пазарот;

4) усвојување програми во врска со мерките за правилна употреба на производи, воведување принципи на добра земјоделска пракса;

5) утврдување на времени МНР за комбинации производи/култури за кои се уште нема МНР на ЕУ врз основа на добра земјоделска пракса;

6) утврдување на времени МНР за комбинации активни супстанции/производи кои се од животинско потекло за кои сé уште нема МНР на ЕУ врз основа на резидуи очекувани во/на добиточна храна и проследување до Ветеринарната управа и Министерството за здравство за натамошна процена на ризик;

7) изготвување годишна програма за мониторинг и контрола на користените производи за заштита на растенијата на примарното производство;

8) координација на работата и соработка во поглед на одобрувањето на производи и опрема со други надлежни органи;

9) утврдување на условите за запишување во регистарот од членот 26 став (4) на овој закон, водење регистри, евиденција и листи;

10) претставување на Република Македонија пред интернационалните организации/тела од обласа на производи за заштита на растенијата и нивните резидуи;

11) воспоставување на информативен систем, прибирање, обработка, посредување и чување на податоци и управување со информативниот систем;

12) организирање едукација на персоналот и сите вклучени во пласирањето на пазарот, користењето на производите и издавање публикации и упатства;

13) извршување други активности одредени од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и

14) контрола над стручната работа на правните лица кои вршат производство, официјални тестови, анализи, пласирање на пазарот на производи на големо и на физички лица вклучени во оцените на досиејата на активните супстанции и производи.

(2) Контролата од ставот (1) точка 14 на овој член Управата ја врши преку комисија од експерти и научни работници од соодветната област формирана од директор на Управата.

(3) За извршената контрола над стручната работа, комисијата поднесува извештај до Управата за утврдената состојба и неправилностите, со предлог мерки и рокови за извршување на мерките за отстранување на неправилностите.

(4) Директорот ќе забрани пласирање на производот на пазарот и вршење на дејноста, ако врз основа на извештајот за извршениот надзор над стручната работа се констатира дека:

1) не се спроведени мерките во рокот определен со извештајот;

2) се констатирани отстапувања кои може да доведат до промена на карактеристиките на одобрениот производ во споредба со условите дадени со одобрувањето и

3) утврдените недостатоци во вршењето на дејноста се од таква природа што може да нанесат штетни последици или опасност по животот или здравјето на луѓето, односно животните и животната средина.

(5) Управата, исто така, има право да изврши контрола на лица претприемачи кои вршат препакување и преетикетирање на производот, извршувајќи го тоа на територијата на Република Македонија. За утврдената состојба и неправилностите директорот на Управата донесува решение.

(6) Незадоволната странка има право да поднесе жалба против решението од ставовите (4) и (5) на овој член до министерот.

(7) Жалбата поднесена против решението за забрана од ставовите (4) и (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(8) Носителот на одобрението е должен на барање на Управата, да достави примероци од производот кои ке одговараат на бројот на производството (сериите) на производот во Република Македонија на свој трошок. Доколку по спроведената постапка на контрола или испитувањата резултатите покажат дека производите се исправни, трошоците се на товар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## XIII. НАДЗОР

### Член 63

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Надзор над спроведувањето на јавните овластувања, определени со овој закон, врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Фитосанитарната управа.

(3) Инспекциски надзор над примената на овој закон и другите прописи донесени врз основа на овој закон од страна на правни и физички лица, установите и други правни лица над

извршувањето на мерките кои произлегуваат од овој закон, врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државни инспектори за земјоделство и фитосанитарни инспектори.

(4) Работите од надлежност на фитосанитарен инспектор, утврдени со овој закон, надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон можат да ги вршат и овластени лица од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Постапка за едукација

Член 63-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и фитосанитарните инспектори утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членовите 78 и 80-а на овој

закон е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од 15 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за земјоделство, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и фитосанитарните инспектори при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и фитосанитарните инспектори при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочна комисија.

(9) Државниот инспекторат за земјоделство води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Квартални извештаи

Член 63-б

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за земјоделство за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на унифициран квартален преглед.

Инспекциски надзор и документи за идентификација

Член 64

Надлежниот инспектор мора да поседува документи за идентификација при вршењето на инспекцискиот надзор.

Овластувања на фитосанитарниот инспектор

Член 65

(1) Врз основа на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, фитосанитарниот инспектор има право и должност да:

1) забрани употреба на производи и други производи, доколку тие не се декларирани и не се употребуваат според условите во одобрението;

2) забрани употреба на производи кои се штетни за пчелите доколку корисникот и одгледувачот на пчели постапиле согласно со членот 38 од овој закон;

3) нареди соодветни мерки, доколку со официјални анализи се утврди дека се надминати МНР од производи во или на растенијата или растителните производи пред пласирањето на производот на пазарот;

4) забрани официјални испитувања и анализи без претходно да се исполнети условите во дозволата за вршење или други услови пропишани со овој закон и прописите донесени од истиот;

5) зема проби од растенија, растителни производи, смеси за третирање, производи и други неопходни проби за проверка дека производот е употребуван без неправилности и неприфатливи МНР;

6) предложи на Управата повлекување на одобрението за употреба на производ на пазарот или други во процес на апликација и кај производител на производи;

7) привремено да забрани употреба на производи или други производи во поле, односно нивни шаржи за кои ќе се посомнева дека се неисправни, додека со испитувањето не се утврди нивната неисправност;

8) одземе неисправен производ или други производи во процес на апликација;

9) нареди повлекување на неисправен производ или други производи во процес на апликација и кај производител на производи до добивање на резултати од испитување;

10) нареди повлекување на неисправен производ или други производи во процес на апликација;

11) зема проби од производи за заштита, други производи и други неопходни проби за проверка на производот дали одговара со декларираните својства и дејство, на декларираната чистота на активната супстанција во процес на апликација и кај производител на производи;

12) врши контрола при увозот на производи за заштита и други производи на граничен премин во однос на тоа дали поседува одобрение, рок на употреба, декларирање, означување и пакување согласно со овој закон;

13) ја отстрани од пазарот опремата за примена на производи и да наредат верификација на нејзината усогласеност со сертификатот;

14) забрани пласирање на пазарот на опрема за примена на производи, доколку истата не поседува соодветен сертификат или не е во согласност со сертификатот;

15) утврди дали вршителите на јавни услуги и на јавни овластувања според овој закон ги исполнуваат условите или работат според овој закон, во согласност со договорот или овластувањето и да наредат отстранување на недостатоците и

16) нареди и други мерки и да определи рокови за нивно извршување заради усогласување на работењето на правните лица кои вршаат производство на производи за заштита на растенијата или кои пласираат на пазарот производи за заштита на растенијата со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Поведе кривична или прекршочна постапка против правните и физичките лица, пред надлежните органи во случај на повреда на одредбите на овој закон и друг закон.

Мерки на фитосанитарниот инспектор

Член 66

Фитосанитарниот инспектор има право и должност, покрај мерките од членот 65 на овој закон на правното лице да изрече и забрана за вршење на дејноста за време од 90 дена, ако:

1) врши производство на производи а нема дозвола за вршење на таа дејност како и да забрани употреба на објектот според условите пропишани согласно со овој закон;

2) врши производство на производи, како и да забрани употреба на објектот во кој се врши производство на производи ако утврди недостатоци по однос на просторот, опремата, персоналот, односно вршење на дејноста поради која може да дојде до штетни последици по здравјето на луѓето, односно животните се до отстранување на недостатоците во определениот рок;

3) во производството на производи и други производи употребува супстанции и материи за кои претходно не е обезбеден сертификат за пропишаниот квалитет, односно употребува неквалитетни или фалсификувани супстанции и материјали;

4) официјалните тестирања, лабораториските анализи на производите и други производи не ги врши според пропишаните услови, стандарди и методи од овој закон;

5) употребува неисправни производи и други производи;

6) врши пласирање на производи спротивно на утврдените цени од Управата;

7) произведува, складира производи, а не ги исполнуваат условите од овој закон и

8) не дозволува увид на инспекторот или не ги даде потребните податоци, мостри и материјали со кои располага или на друг начин го попречува или оневозможува инспекцискиот надзор.

Овластувања на инспекторот за земјоделство

Член 67

(1) Врз основа на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, инспекторот за земјоделство има право и должност да:

1) забрани пласирање на производи и други производи, како и да забрани употреба на објектот во кој се врши дејноста пласирање на производи и други производи во случај ако нема дозвола за вршење на таа дејност според условите пропишани со овој закон;

2) забрани пласирање на производи и други производи, како и да забрани употреба на објектот во кој се врши дејноста пласирање на производи во случај ако утврди недостатоци по однос на просторот, опремата, персоналот, односно вршење на дејноста поради која може да дојде до штетни последици по здравјето на луѓето, односно животните сé до отстранување на недостатоците во определениот рок;

3) забрани пласирање и употреба на пазарот на производи и други производи, доколку истите не се одобрени, се забранети, се со поминат рок на важност, според одредбите од овој закон;

4) забрани пласирање на пазарот или употреба на производи и други производи, доколку тие производи не се во согласност со одобрението во однос на: пакување, декларација, означување, упатства за употреба, физички и хемиски состав, чистота на активна супстанција и друго;

5) привремено да забрани пласирање на производи или и други производи на пазарот, односно нивни шаржи за кои ќе се посомнева дека се неисправни, додека со испитувањето не се утврди нивната неисправност;

6) одземе производи за заштита или и други производи кои се пласираат на пазарот во услови кои не одговараат на условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

7) предложи на Управата повлекување на одобрението за употреба и пласирање на пазарот на производ или други производи кога е констатирана неправилност во пласирањето на пазарот;

8) одземе производ или други производи кои се со поминат рок на употреба, не се во оригиналното пакување од производителот, како и доколку упатството за употреба и декларацијата не е во согласност со одобрението за пласирање на производи и не се печатени на македонски јазик, како и доколку соодветно не се означени според степенот на отровност, кога е констатирана неправилност во пласирањето на пазарот;

9) нареди повлекување на неисправен производ или други производи со констатирани неправилности во пласирањето на пазарот и

10) нареди и други мерки и да определи рокови за нивно извршување заради усогласување на работењето на правните лица кои пласираат на пазарот производи за заштита на растенијата со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Поведе кривична или прекршочна постапка против правните и физичките лица, пред надлежните органи во случај на повреда на одредбите на овој закон и друг закон.

Мерки на инспекторот за земјоделство

Член 68

Инспекторот за земјоделство има право и должност, покрај мерките од членот 67 на овој закон на правното лице да изрече и забрана за вршење на дејноста за време од 90 дена, ако:

1) пласира на пазарот производи и други производи, а нема дозвола за вршење на таа дејност, како и да забрани употреба на објектот според условите пропишани со овој закон;

2) пласира на пазарот производи, како и да забрани употреба на објектот во кој се врши складирање или пласирање на производи, ако утврди недостатоци по однос на просторот, опремата, персоналот, односно вршење на дејноста поради која може да дојде до штетни последици по здравјето на луѓето, односно животните сé до отстранување на недостатоците во определениот рок;

3) пласира на пазарот неисправни производи и други производи и

4) не дозволува увид на инспекторот или не ги даде потребните податоци, мостри и материјали со кои располага или на друг начин го попречува или оневозможува инспекцискиот надзор.

Член 69

(1) На правното лице ќе му се одземе дозволата за вршење на дејноста доколку по втор пат му е изречена управна мерка од членовите 65, 66, 67 и 68 на овој закон со правосилно решение на надлежниот инспектор.

(2) Решението за повлекување на дозволата за вршење на одредена дејност го донесува директорот на Управата.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Правното лице на кое му е одземена дозволата за вршење на дејноста се брише од регистарот.

Член 70

(1) Надлежниот инспектор може да определи производите или другите производи кои ги забранил за употреба или пласирање на пазарот да останат на чување кај правното или физичкото лице кај кого се затекнати или да бидат одземени.

(2) Производите од ставот (1) на овој член се чуваат посебно одвоени, запакувани и обележани.

(3) Надлежниот инспектор кон записникот за земање мостри и решението за изречената мерка го приложува и пописот на забранетите производи од ставот (1) на овој член.

Член 71

(1) Надлежниот инспектор од членовите 65, 66, 67 и 68 на овој закон со решение ги определува мерките за кои е овластен, согласно со правилата за општата управна постапка и со овој закон.

(2) Против решението на инспекторот од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби од решенијата на инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство.

(3) Жалбата по решението не го одлага неговото извршување.

Член 72

(1) Производот и/или другите производи се повлекуваат од употреба и пласирање на пазарот ако се утврди дека се употребува и пласира на пазарот спротивно на овој закон и на прописите донесени со овој закон.

(2) Доколку за производот или другиот производ е издадено одобрение за пласирање на пазарот Управата ќе го повлече одобрението.

(3) Решението за повлекување  на производот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 73

(1) Надлежниот инспектор е должен да побара отстранување на забранет производ или други производи, ако:

1) е утврдено дека не одговара на условите наведени во одобрението врз основа на лабораториски испитувања - анализи (физичко-хемиски, чистота на активна супстанција, отстапување на содржината на активната супстанција и анализа на МНР) или врз основа на правосилно решение за забрана на нивната употреба и

2) сопственикот не оспорува дека истите се неисправни.

(2) Во случај сопственикот да оспорува се врши суперанализа и доколку и со извештајот од суперанализата се потврдат резултатите со претходните анализи се извршува мерката отстранување и без согласност на сопственикот.

(3) Сопственикот кај кој ќе се констатира забранет производ или другите производи за отстранување, е должен истиот да го складира во времето и местото одредени со решението од надлежниот инспектор.

(4) Доколку се утврди дека се работи за производ кој е во листата на опасен отпад, отстранувањето на забранетиот производ или другите производи се врши согласно со Законот за управување со отпадот.

Член 74

(1) Трошоците за испитување, повлекување и за отстранување на производ и/или друг производ, како и трошоците во врска со спроведувањето на решенијата од членовите 72 и 73 на овој закон ги поднесува правното или физичкото лице што го произвело, увезло, односно пласирало на пазарот.

(2) Доколку испитувањата покажуваат дека производите и/или друг производ се исправни, трошоците се на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Правното лице што е овластено за официјално испитување на производот или други производи ги поднесува трошоците за повлекување на производот од пазарот ако дало погрешен извештај за исправноста на производот врз основа на кој производот или другите производи се повлечени од пласирање на пазарот.

## XIV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Прекршочна постапка и постапка за порамнување

Член 75

(1) За прекршоците предвидени во членовите 76 и 77 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд, а за прекршоците предвидени во членовите 78, 79, 80 и 80-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија составена од три члена од кои еден е дипломиран правник со положен правосуден испит при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Пред поднесување барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор спроведува постапка за порамнување и издава прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоци.

(3) Државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(4) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(5) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.“ 6

(6) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прекршоци на правни лица

Член 76

(1) Глоба во износ од 12.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:

1) пласира на пазарот производ и други производи кои ги имитираат одобрените производи и други производи (член 3 ставови (1) и (2));

2) произведува, пласира на пазарот и употребува производи и активни супстанции кои се вклучени во производот на територијата на Република Македонија, кои не се одобрени или за кои не се издадени одобренија (членови 3 ставови (1) и (2) и 26 став (1));

3) дава неточни податоци или лажни документи во постапката за одобрување на производот или во постапката на стручна контрола и инспекциски надзор (членови 4, 9, 10, 11, 15, 16 и 29);

4) сопственикот на одобрувањето не ги зема предвид условите за декларирање, пакување и пласирање на употреба (член 8 став (3));

5) пласира на пазарот или употребува не одобрени производи во однос на исклучителната дозвола (член 15);

6) произведува и складира производи со цел за нивно пласирање на пазарот спротивно на членот 26 став (2) од овој закон;

7) не му овозможува на инспекторот да спроведе непречена инспекција според овој закон или го спречува притоа го навредува (напаѓа) или не сака да му ги покаже потребните документи, податоци или објекти (член 27);

8) не ги следи сите промени што ќе настанат кај производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелниот увоз и за истото не ја известува Управата (член 28-а став (4));

9) не достави барање за промени во упатството за употреба и другите безбедносни промени што ќе настанат кај производите за заштита на растенијата во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на промената во земјата од каде што се врши паралелен увоз на производи за заштита на растенијата (член 28-а став (5));

10) не доставува ажурирано упатство за употреба на производи за заштита на растенијата во согласност со настанатите промени во добиеното одобрение за ставање во промет во Република Македонија за тој производ за заштита на растенијата (член 28-а став (6));

11) не определи лице одговорно за известување во случај со проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата кое ќе биде постојано и континуирано достапно и не известува во случај на проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата и дефекти на сериите на истите (член 28-а став (7));

12) не ја извести Управата во случај на повлекување на одобрението за ставање на производите за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз во рок од 15 дена од денот на повлекувањето на одобрението (член 28-а став 8);

13) не поседува одобрение за употреба на производ класифициран како многу отровен Т+ (член 35);

14) не ги употребува производите и не постапува со амбалажата од употребените производи, како и со неупотребените производи на пропишан начин (член 36)

15) употребува производи штетни за пчелите и копнените 'рбетници (член 37).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) На правното лице покрај глобата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на производство и пласирање на пазарот на производи во траење од шест месеци до една година.

(4) На одговорното лице во правното лице покрај глобата од ставот (2) на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до две години.

(5) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

Член 77

(1) Глоба во износ од 5.600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:

1) пласира на пазарот или употребува производи спротивно на забраната или ограничувањето од Управата (членови 8 став (3) и 16 ставови (2) и (3));

2) употребува производи спротивно на дозволата за проширена употреба (член 14);

3) дава доверливи информации спротивно на членот 19 ставови (3) и (4) од овој закон;

4) пласира на пазарот, декларира, објавува или дава упатства во врска со производи, употребува и други производи спротивно на членот 25 од овој закон;

5) пласира на пазарот и употребува производ и други производи кои се со поминат рок на употреба (член 25 став (3) точка 19);

6) не ги исполнува условите предвидени за стручна квалификација или условите во поглед на опремата (членови 26, 45 и 55);

7) не води евиденција и не доставува податоци до Управата (член 27ставови (1) и (2));

8) не ја чува за период од пет години евиденцијата за паралелните производи за заштита на растенијата (член 28-б став (3));

9) не ја извести Управата најмалку два месеца пред да одлучи да престане да пласира на пазарот производ за заштита на растенијата за кој има добиено одобрение за паралелен увоз пред истекот на одобрението (член 28-б став (4))

10) не ја информира Фитосанитарната управа за сите нови податоци за можни опасни (штетни) ефекти на производи или неговите резидуи и не ја известува (член 34);

11) пласира на пазарот опрема која не ги исполнува условите поставени во сертификатот (член 38 став (1));

12) пласира на пазарот опрема која не поседува сертификат и не е запишана во регистарот (членови 38 и 39);

13) користи опрема на која не е направено контролно тестирање (член 41 став (2));

14) врши увоз на машини и апарати без дозвола или сертификат (член 42 став (1)) и

15) дава јавни услуги или користи јавно овластување спротивно на договорот (членови 50 и 55).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршоците од ставот (1) точки 1, 4, 5, 6, 8, 10, 11 и 12 на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

Член 78

(1) Глоба во износ од 1.700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:

1) не води евиденција (членови 36 став (4) и 40) и

2) дава погрешен извештај за исправноста на производот врз основа на кој производот или другите производи се повлечени од пласирање на пазарот (член 74).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Глоба на физичко лице

Член 79

(1) Глоба во износ од 1.200 до 1.800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок, ако:

1) употребува не одобрени производи спротивно на исклучителната дозвола (член 15);

2) пласира на пазарот производи без да биде регистриран за таква активност (член 26 став (1));

3) не му овозможува на инспекторот да спроведе непречена инспекција според овој закон или го спречува притоа го навредува (напаѓа) или не сака да му ги покаже потребните документи, податоци или евиденција (член 27);

4) самиот применува многу отровни производи (член 35);

5) употребува биоагенси спротивно на наведеното одобрение (член 33 став (2)) и

6) употребува производи во спротивност со забраната или ограничувањето (член 37).

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

Член 80

(1) Глоба во износ од 560 до 840 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок, ако:

1) не ја информира Управата за опасни (штетни) ефекти на производи (член 17) и

2) дава доверливи информации (член 19 ставови (3) и (4)).

(2) За прекршоците од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член покрај глобата на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

Член 80-а

Глоба во износ од 250 до 375 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок, ако:

1) не ги употребува производите и не постапува со амбалажата од употребените производи, како и со неупотребените производи на пропишан начин (член 36)

2) несоодветно употребува производи (член 36 ставови (2) и (6));

3) не води евиденција (член 36 став (4))

4) пласира на пазарот опрема која не ги исполнува условите поставени во сертификатот (член 38 став (1)) и

5) користи опрема на која не е направено контролно тестирање (член 41 ставови (2) и (3)).

XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Контрола на прометот преку државната граница

Член 81

Со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија, задачите на контрола на прометот преку државната граница со земјите членки на ЕУ се пренесуваат на внатрешен промет, за чиј мониторинг надлежен ќе биде фитосанитарниот инспектор.

Подносител на барање за регистрација на производи

Член 82

Со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија, правно лице со или седиште во некоја земја членка на ЕУ може да поднесе барање за одобрување на производи кое има намера да ги пласира на пазарот и употребува на територијата на Република Македонија.

Услови за вршење промет со производи по влез во Европската унија

Член 83

Со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија, правно или физичко лице со постојано живеалиште или седиште во некоја земја членка на ЕУ може да биде вклучено во пласирањето на пазарот на производи и опрема за апликација на производи на територијата на Република Македонија, доколку ги исполнува пропишаните услови со овој закон.

Член 84

Одредбите од членот 3 став (3) точка 2 на овој закон ќе се применуваат до пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Постапка во тек за одобрување на производи

Член 85

Постапката за одобрување на производи и други производи, започната пред влегувањето во сила на овој закон ќе продолжи според одредбите од прописите кои биле со важност до денот на влегувањето во сила на овој закон, а според одредбите од овој закон само во случаи ако се поповолни за барателот.

Прописи донесени според овој закон и временски рок за изготвување нови

Член 86

(1) Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До донесувањето на прописот од членот 61 став (1) точка 5 на овој закон за определување на гранични премини преку кои ќе се врши увоз или извоз на производи за заштита на растенијата, како и за начинот на контролата ќе се применуваат одредбите од Одлуката за определување на гранични премини на кои ќе се врши увоз, извоз и транзит на растенија, растителни производи и средства за заштита на растенијата ("Службен весник на Република Македонија" број 34/2000).

(3) Пласирање на големо и во специјализирани продавници (земјоделски аптеки) производи и други производи може да вршат и земјоделски инженери кои веќе се вработени, а се пет години пред пензионирање и се со долгогодишно искуство.

Прописи кои ќе се применуваат

Член 87

До донесувањето на прописите од овој закон, се применуваат постојните прописи.

Прописи кои ќе престанат да се применуваат

Член 88

Со започнување на примената на овој закон, престанува да важи Законот за заштита на растенијата ("Службен весник на Република Македонија" број 25/1998 и 6/2000), освен одредбите кои се однесуваат на земјоделските посеви за производство на семе, шумски насади за производство на шумско семе објектите за производство на саден материјал за повеќегодишни земјоделски и шумски растенија и промет на семе и саден материјал.

Влегување во сила на Законот

Член 89

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година, освен одредбите од членовите 38, 39, 40, 41 и 42 на овој закон кои ќе се применуваат од 1 јануари 2009 година.

Член 89-а

Подзаконските акти од членот 63-а ставови (2) и (9) на овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.